**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
**од Петтата седница на**
**Националниот совет за евроинтеграции**
**одржана на 27.12.2011 година**

**(заедничка седница со Комисијата за европски прашања**
**на Собранието на Република Македонија)**

**Скопје, февруари 2012 година**

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од заедничката седница на Националниот совет за евроинтеграции,**

**и Комисијата за европски прашања**

**одржана на 27 декември 2011 година**

Седницата започна во 10.15 минути

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала Борис Трајковски.

**Хајрула Мисини:**

Почитувани колеги пратеници, ја отворам заедничката седница на Комисијата за европски прашања и на Националниот совет за евроинтеграции.

Дозволете ми да ви посакам добредојде и да го поздравам присуството на вицепремиерот на Владата на Република Македонија задолжена за евроинтеграции госпоѓа Теута Арифи како и присуството на претставниците на Француската амбасада и Амбасадата на Бугарија.

Во интерес на времето сите квартални извештаи од страна на Владата сметам дека треба да ги гледаме како една посебна единствена точка и за денешната седма седница на Комисијата за европски прашања и Петтата седница на Националниот совет за евроинтеграции, го предлагам следниов дневен ред:

Информација за реализираните активности од националната програма за усвојување на правото на Европската унија - Ревизија 2011, за следните тромесечија: 1 јануари - 31 септември 2011 година.

Дали има некој предлог за дополнување на дневниот ред? (нема)

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Кој е за предложениот дневен ред? (Едногласно)

Констатирам дека Предлогот на дневниот ред е усвоен.

Најпрво сакам да го изразам задоволството за заедничката работа со Секретаријатот за европски прашања на Владата на Република Македонија со вецепремиерката Арифи која што редовно е присутна на седниците на

Комисиите за европски прашања и Националниот совет за евроинтеграции, всушност што докажува и оваа наша заедничка седница. Во таа насока се одржа и една работна средба во Секретаријатот за европски прашања со цел надминување тековните прашања кои што биле од технички карактер и кои што бара внимание кон предвидената форма на европските закони во согласност со Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија.

Јас нема да должам многу ќе и дадам збор на госпоѓа Теута Арифи, повелете.

**Теута Арифи:**

Ви благодарам за поканата и можноста да на крајот на оваа календарска година заедно да ги констатираме реалните ситуации во рамките на процесите во државата за кои што ние имаме стратешки цели кои што ги изјавиле и претходно сме ги декларирале.

Дозволете ми да го изразам моето посебно задоволство од соработката со вас и верувам дека и понатаму ќе продолжиме. Накратко сакам да ве информирам или пак да ги заокружам активностите на Секретаријатот за европски прашања за оваа година како во планот на следење на реформите во државата така и во рамките на соработката со нашите меѓународни и стратешки партнери.

Во рамките на соработката со нашите меѓународни партнери сакам да ве информирам дека оваа календарска година беше успешна година имајќи го предвид фактот на приемот на високо ниво и разговорите со Европската комисија, потоа разговорите со земјите членки на Европската унија каде што би ја издвоила Шведска и Финска како и за заокружување на средбите со САД во Вашингтон каде што добивме една порака која што е позната за сите нас во која што порака главно се цени нашата политика. Истовремено се бара и конструктивност што се однесува на двостраниот проблем што го имаме за решавање во однос на името. Ние секако треба да бидеме задоволни од одлуката на Хашкиот суд, меѓутоа во исто време треба да го имаме предвид и фактот дека се работи за политичко прашање кое што е доста чувствително во кое што се бара и желба и политичка волја која што би била обострана за да се надмине овој проблем. И затоа задоволни од оваа одлука на Хашкиот суд

мислам дека оваа одлука треба да биде мотив или пак да биде поттикнувач за двете страни да се движат кон едно заедничко решение. Секако сметам дека дијалогот меѓу соседите е тоа што треба да води право кон договор и спогодба, а не кон недоразбирања.

Поради дел од медиумите ќе зборувам македонски. Верувам дека во однос на извештаите околу статусот на исполнувањето на обврскtие спрема европските стандарди можеме заедно да констатираме дека има напредок, но исто така дека не очекува доста сериозна работа. Голем дел од содржината на извештаите, а особено се разбира за извештаите од последното тримесечје ги сублимираат сите обврски кои се дел од акциските планови и од предвидувањата наши во националната акциска програма за идната година која треба да ја помине денешната Влада како последна владина процедура.

Би сакала кратко да се осврнам на неколку клучни обврски кои се реализирани и кои ги покрива Секторот за евроинтеграции, клични прашања кои беа тема и на последниот извештај на прогресот за Република Македонија.

Во делот што се однесува на политичките критериуми беа превземени повеќе активности. Најпрво во однос на препораките на ОБСЕ и на ОДИХР за претседателските, локалните избори, па и парламентарните последни избори. Откако ги анализиравме препораките на ОБСЕ и на ОДИХР за последни парламентарни избори веќе сме во процес на формирање на работна група која ќе ги адресира истите и секако дека ќе работи под моја лична координација. Ценам дека препораките на ОБСЕ и на ОДИХР се однесуваат претежно на можноста да напредуваме и да го направиме уште поквалитетен процесот на изборите и токму поради тоа ценам дека тие се особено битни.

Во однос на прашањата кои се поврзуваат со Охридскиот рамковен договор оваа година одбележавме 10 години од донесувањето на Охридскиот рамковен договор. Така да прашањата во однос на употребата на јазикот на немнозинските заедници на правичната застапеност и на децентрализацијата најдоа едно битно место во рамките на прогрес извештаите но и во рамките на одговорите што ние ги спремавме  имајќи го предвид фактот дека се направи Закон за употреба на јазикот, што е унапредување на користењето на јазикот, зголемување на бројот на државни службеници од немнозинските заедници но

исто така пет нови општини влегова во втората фаза на фискалната децентрализација, што ценам дека е особен успех.

Мислам дека прашањето на независноста на судството и реформите во рамките на судството остануваат еден висок и битен приоритет кој не само што ќе остане следен од страна на Европската унија, туку исто така останува битен и значаен приоритет за нас.

Би сакала да кажам дека во оваа година влегоа во сила измените на законот за судии во однос на изборот на кандидатите од Академијата за судии и јавни обвинители од 71 кандидат и од три генерации избрани се 51 кандидат со што остануваат да се изберат уште 20 кандидати. Остануваме се уште на 50% ангажирани судии од Академијата и 50% ангажирани судии од надвор, имајќи го предвид фактот дека овој е начинот кој засега најмногу ни овозможува да го оствариме принципот на правична застапеност.

Исто така во насока на обезбедување на уставно загарантираното право на жалба во управните спорови на 30 јуни се конституираше Вишиот управен суд. Во однос на Вишиот управен суд имавме барање од страна на Европската унија да се зголемува неговата ефикасност и како што поминале месеците според бројот на предметите дефинитивно може да се констатира дека имаме зголемување на ефиканост на овој суд.

Мислам дека во рамките на Националната програма и акциските планови откако ќе ја поминат денеска владината процедура, во јануари ќе можеме исто така тука да ги споделиме и да ги разговараме заедно, предвидуваме и повеќе мерки во рамките на судскиот систем имајќи го предвид фактот дека Европската унија имаше конкретни барања во однос на реформите во рамките на судството.

Во однос на реформите во јавната администрација ценам дека се особено важни усвоените измени и дополнувања на Законот за општа и управна постапка како особена придобивка за граѓаните и воведувањето на едношалтерскиот систем во администрацијата. Секако дека тоа што останува многу значајно да се работи и понатаму е процесот на осигорување на мерид системот при влезот во администрацијата кое е едно од битните барања и за кои мислам дека ние треба заедно да се залагаме. Со последниот повик за ангажирање на припадници на немнозинските заедници во рамките на

администрацијата за прв пат фактички имплементиран е и новиот процес на тестирање за кои секако ќе видиме кои ќе бидат резултатите.

Мислам дека во рамките на извештаите кои се прилично широки би сакала да се навратам во однос на состојбата со слободата на изразувањето и да ве информирам за процесот и за дијалогот кој го водиме со претставниците на медиумите. Значи тоа е еден процес како што веќе сте запознаени започна 14 септември и продолжи со формирање на работна група заедно со претставниците на заедницата на независните новинари со градење и прифаќање на заеднички план за акција и која продолжуваше на 13 декември со тркалезната маса за едно прашање кое што е особено чувствително а тоа е прашањето на декриминализација на клеветата. Во однос на тоа, ние сме во моментот во ситуациите каде што двете страни ги имаат укажано своите позиции, додека во рамките на Министерството за правда, има работна група која работи за Кривичниот закон каде што меѓу другото и прашањата кои новинарите ги кажаа како чувствителни и проблематични за нив има обврска превземено од Министерството за правда тие да се разгледаат да се земат во предвид и да видиме како тоа ќе продолжи понатаму.

Би сакала да подвлечам дека во рамките на моите активности особено важење му придадов на регионалната соработка. Мислам дека е многу битно земјите од регионот на Западен Балкан да имаат интензивна соработка, имајќи го предвид фактот дека имаме заедничка стратешка ориентација, а тоа е членството во Европската унија, но меѓу другото и взаемната помош, споделување на искуствата и ценам дека идната година исто така ќе продолжам со истото темпо на давање или покажување на лидерство со идеи во однос на прашањето на регионалната соработка на Западен Балкан.

Иако целта на состанокот не е информација по ИПА комонентите, ќе ми дозволите 2-3 реченици кои би сакала да ги кажам во однос на ова прашања. настојувањата како национален координатор за ИПА фондовите беше за цела година или за овие шест месеци да се подобри абсорпцијата на финансиската странска помош како на билатерален план така и во рамките на ИПА програмите. Во врска со ова имавме и економска конференција со Европската унија одржана на 30 ноември но и неколку заеднички мониторинг комитети. Последниот беше на 13 декември оваа година. Секако дека Европската унија

останува една од најголемите подржувачи на развојот и демократските процеси во Република Македонија и тоа не го докажува само со зборови или со праќање на извештаи туку тоа го докажува практично со многу практични средства кои се доделуваат или се даваат како грантови на нашата земја во однос на зајакнување на нашите демократски капацитети и во однос на зајакнување во целина на демократскиот процес. Процесот на евроинтеграции е динамичен и бара пошироко вклучување на нашето општество и ценам уште еднаш дека Собранието и пратениците целиот тој процес кој се одвива тука е многу битен не само за давање повеќе јавност на нашата работа, туку истовремено повеќе димензии за да можеме да бидеме што поефикасни за да ја реализираме нашата заедничка цел, а тоа е членство во Европската унија.

Би сакала на крајот да ви ги честитам празниците кои доаѓаат пред нас и тука сум за да разговараме и да дебатираме за извештаите кои ги имате пред вас. Благодарам.

**Хајрула Мисини:**

Ви благодарам госпоѓо Теута.

Најпрво да ве известам доколку сте заинтересирани да се вклучите во дискусија, ве молам обратетесе до службите.

Пред да дадам збор на госпоѓа Шекеринска, дозволете ми и јас да кажам неколку збора.

Крајот на годината е време кога се сумираат резултатите и време кога треба да се соочиме со постигнатите резултати, меѓутоа исто така и со фактот дека некои од обврските и задачите останале неостварени. Значи за нас оваа година ќе заврши и со позитивни, меѓутоа и со негативни моменти во однос на евроинтегративните процеси на земјата.

Сметам дека работи кои што ги слушнавме од госпоѓа Теута се апсолвирани во текот на дебатата што се одвиваше на пленарна седница и на седниците на комисијата во однос на извештајот од Европската комисија за напредокот на Република Македонија. Меѓутоа, дозволете ми само да го повторам фактот дека тоа што го добивме како препорака за почеток на преговорите и почетокот на втората фаза на имплементација на Спогодбата за

стабилизација и асоцијација се аргументи дека реформите се одвивале во саканата насока. Исто така, како негативен момент ќе ја ценам одлуката за пролонгирање на почетокот на датумот за отпочнување на преговори за зачленување до претседавањето со Данска и тоа е за сите нас разочарувачки момент. Проблемот секако дека го знаеме сите, главниот проблем беше недоразбирањето со нашиот јужен сосед со Република Грција и да се надеваме дека годината што ќе ја почнеме ќе биде успешна и за нас, меѓутоа и за евроинтегративниот процес на Република Македонија. Ви Благодарам.

Збор има госпоѓа Шекеринска, повелете.

**Радмила Шекеринска:**

Ви благодарам.

Господине Мисини, членови претставници на Националниот совет за европски интеграции, дозволете ми да и во мое име го поздравам денешното одржување на седницата, да го поздравам фактот дека последната информација која што ја добивме по подолго време, навистина беше навреме и мислам дека ќе ни отвори шанса да дискутираме реално на теми кои што сеуште се актуелни и да го изразам моето очекување дека во дебатата ќе се вклучат и поголем дел од претставниците и членовите на Националниот совет.

Дозволете ми да почнам од крајот, а тоа е она што се случуваше на почетокот на овој месец и да ја кажам и изразам и мојата загриженост што во периодот од една недела Република Македонија доби поволна пресуда, но не доби вистински почеток на преговори за членство со Европската унија. И овој поделен резултат практично покажува дека и покрај се, ние практично шест години летаме во место и не можеме да ги започнеме преговорите за почеток за членство со Европската унија. Во истиот период кога заседаваа премиерите на земјите членки на Европската унија и дебатираа и носеа одлуки за Србија, за Црна Гора, за Исланд, за Хрватска, за другите земји од нашиот регион, за жал, за Македонија немаше ни дебата и одлуката ја донесоа неколку дена претходно министрите за надворешни работи и притоа одлуката беше да нема одлука. Мислам дека ваквиот повторен неуспех не загрижува сите нас, ги загрижува граѓаните на Република Македонија и бара некаков тип на акција.

Би сакала да кажам дека во период од само една недела, ние практично немавме време ни 24 часа да се израдуваме на одлуката на судот во Хаг. Во период од само неколку дена имавме победа на меѓународното право и времената спогодба и дипломатски пораз, наш бидејќи не успеавме дури ни да се отвори дискусијата за Република Македонија на состанокот на премиерите. Практично не се ни квалификувавме за состанокот, а камоли за почеток на преговори. Тоа покажува дека Македонија веќе, не знам завршува 12-то претседателство на кандидатски статус без почеток на преговори. И, тоа стоење во место не чини и пари и проблеми. Токму поради тоа со загриженост го следев фактот дека ниту премиерот, ниту Владата, ниту Претседателот на државата не помисли дека тоа е вистински момент дебатата околу ваквото прашање од национален интерес да ја води и во Собранието на Република Македонија, а за неа да ги мобилизира сите клучно политички фактори во државата. Ако сега немаше причина за еден тип на консензус за дискусија за одлучување, што да правиме во следните шест месеци и не знам кога ќе дојде тој момент.

Мислам дека испуштивме навистина голема шанса да создадеме политички консензус околу акцијата која што во следниве шест месеци ќе ни обезбеди и почеток на преговори со Европската унија и покана за членство во НАТО. Имам  впечаток дека една недела дебатиравме околу овие теми и сега се враќаме назад во нашата вообичаена ситуација, каде што се жалиме дека ништо позитивно не ни се случува, но не превземаме ништо за да тоа го промениме.

Јас се сеќавам на посетата на министерот за надворешни работи господинот Поповски, пред извесно време на Данска, како иден претседавач и сите го поздравивме фактот дека министерот се свртува кон земјата која што во следните шест месеци ќе претседава со Унијата, меѓутоа разочарувањето следеше неколку недели подоцна, а тоа е кога го прочитавме текстот на приоритетите на Данското претседателство. Но, од Македонија немаше. Во тој случај се покажува дека нашите дипломатски посети дури и кога ги има не ги продуцираат посакуваните резултати. И, нешто во таа политика мора да се менува. Меѓутоа, да не се осврнам само на ова прашање кое што го отворив и заради тоа што вицепремиерот настапи на таа тема. Мислам дека пред нас

имаме три информации кои точно е, не тераат да гледаме назад малку разговаравме пред почетокот на седницата дали има резон да се дискутира за тоа што се случило. Да, често пати имаме чувство дека само дебатираме за минатото, дури ова што е блиско минато, меѓутоа ако не ги забележиме грешките што сме ги направиле во изминативе три месеци или 12 месеци ќе ги повториме и следната година. Фала Богу барем тоа видовме дека сме умешни да го правиме.

Затоа јас би сакала да кажам неколку сугестии  што мислам дека се минус не толку за информациите, минус во нашето функционирање како држава која што сака да стане европска. Сметам дека две многу важни теми во овој извештај се третирани на многу технички начин и апелирам тоа во иднина да се промени.

Прво прашањето на судските реформи. Точно е дека има да се набројат и голем број на обуки кои што се извршени и голем број на избори на нови судии па и обвинители, меѓутоа во текстот нема образложение што се планира околу судските реформи кои што требаше да почнат а веќе се најавува дека ќе бидат одложени, а тоа се оние судски реформи во кои главниот акцент во истрагата требаше да се префрли на обвинителството наместо досега кај Министерството за внатрешни работи. Тоа беше крупна реформа која беше најавувана неколку пати и беа направени измени во законот. Сега слушаме дека обвинителството тврди дека ги нема капацитетите тоа да го направи. Ова е крупно прашање и мислам дека грешиме кога технички преку него поминуваме или го третираме само тогаш кога ќе дојде да се смени одреден закон. Ако ова е точно тогаш навистина треба да го поставиме прашањето каде ни крахираше планираната реформа. Дали беше лошо планирана или некој потфрли во реализацијата.

Втора тема која мислам исто така технички се покрива со информациите тоа е прашањето на контрола особено врз разузнавачките и врз полициските структури. Јас ќе ви прочитам што пишува овдека, само во последната информација.  Комисијата за надзор над работата на Управата за безбедност и контра разузнавање и Агенцијата за разузнавање одржа седница на 18.07. Седница одржа и Комисијата за надзор на спроведување на мерките за следење на комуникации од страна на  Министерството за внатрешни работи и

Министерството за одбрана, по кое беше доставено барање до Министерството за примена на специјалните истражни мерки во случајот со Љубе Бошковски. Точка. И ништо повеќе. Вистинската критика која стоеше во сите досегашни извештаи е дека овие комисии не ја вршат својата задача бидејќи нема соработка со владините структури. Значи прашањето кое треба да се одговори не е само во информациите, во идните акциски планови во нашите дебати е како да направиме овие комисии да не бидат мртва буква на хартија и тие вистински да ја вршат својата законска обврска да ги контролираат структурите. Веќе кога сум тука ќе споменам дека истото се случува и со владините заклучоци кои што се однесуваат на овластувањата на министерката за внатрешни работи.

Имено, се сеќаваме сите ние дека по онаа тн. Санино листа една од обврските која ја превзеде Македонија е дека ќе се регулира односно ќе се ограничи влијанието на министерот за внатрешни работи во следењето на комуникации популарно наречено прислушкувањето. И тоа беше пред неколку месеци. Дури се трудевме нешто напредок да покажеме пред извештајот. Еве што стои во Информацијата. Согласно заклучокот на Влада одржана на 24.08. започнати се активностите за надминување на препораката на Европската комисија во однос на улогата на министерот за внатрешни работи во следење на комуникациите. Бла, бла, бла, ама ништо. Значи надминати активности, резултат нула. Мислам дека оваа тема фрла голема сенка на сите политички критериуми од типот на лични слободи, од типот на третирање дури и на случаите на злоупотреба на сила во полицијата како што е случајот со Нешковски кој дури е влезен во предлог извештајот на Хјуит, кој сите го оценуваме како извонредно позитивен за Македонија.

Значи оние кои што највеќе се трудат да и помогнат на Македонија, дури и тие гледаат дека ова е сериозен проблем и ние за тоа не кажуваме ни збор. Не велиме дека ќе го надминеме проблемот со контрола на овие структури. Две работи кои што би сакала да побарам да ги има во следните извештаи се резултати од политиките. Имав прилика да прочитам во овој и во претходни извештаи резултати од борбата против организираниот криминал. И, Владата набројува неколку случаи кога за одредени случаи за организиран криминал се поднесени кривични пријави.

Знаете што ми недостига во сите извештаи, се враќав и назад во тие информации кои што ги имам, крајни резултати кој е правосилно осуден, а не само против кого се поднесени кривични пријави. Оти голем дел од овие кривични пријави паѓаат и паѓаат на тестот на докази на процедура. Тоа уште повеќе ја зголемува резервата кон нашите институции. Ако вие велите се борам против организираниот криминал поднесувам кривични пријави ама немате правосилни пресуди тоа покажува дека нешто во тој ланец во тој систем не функционира. Така што би сакала во извештаите да чуеме многу повеќе да прочитаме многу повеќе за резултати, за пресуди за сторени кривични дела од овој тип. Да прочитаме резултати што се случува на пример со парите за Агенцијата за младинска мобилност. Нема ниту збор. А информациите кои што ги добивме при последните посети е дека младите во Македонија и понатаму нема да можат да ги користат овие пари заради злоупотребите. Прочитавме во медиумите дека културните работници во Македонија нема да можат да ги искористат парите од Еуроимаж кои што се блокирани заради злоупотреби. Ни треба одговор на прашањето како ќе ги спречиме злоупотребите, како да ги добиеме парите и трето, и подеднакво важно кој ќе сноси одговорност кривична, а не само политичка за оваа тема.

И, уште едно прашање кое што би сакала да го видам во следните извештаи во делот на животна средина мислам дека веќе што би рекле мината вест ако зборуваме само за правилници и закони што сме ги донеле. Ние во извештајниов период имаме два крупни случаи. Прашањето на Топилницата во Велес и прашањето на најавената тешка индустрија во Неготино во крај кој што живее од земјоделието. Знам дека е тешко за овие работи да се излезе со информација, меѓутоа, бидејќи Владата излезе со некои ставови, добро би било за теми на животната средина да не бидеме округло па на ќоше, да не бидеме формални туку да кажеме што конкретно може да очекуваме дека ќе направиме во следниот период.

И, на крај, дозволете ми да ја изразам мојата загриженост заради повторното сериозно забавување во законодавниот процес. Значи ако се погледне Националната програма за усвојување на европското право ќе погледнеме дека дури ни половина од законите кои што биле планирани за оваа година да се усвојат согласно Националната програма за усвојување на европското право

не се донесени. Дури ни половина. Ако ги земеме донесените закони 46,8% се бројот на донесени закони. Еве да кажеме дека има уште шест закони во процедура собраниска, која што јас очекувам до крајот на годината или неколку дена после почетокот ќе бидат усвоени. Цели 27 закони речиси половина не се ни влезени во собраниска процедура. И претпоставувам дека сега повторно тие ќе бидат дел од новата програма кои што ќе бидат одложени за 12 месеци, некои од нив веќе беа одложени за 12 месеци, а потоа пак одложени. Тоа покажува дека или лошо ги правиме плановите или не си ги почитуваме. Двете работи се подеднакво опасни. Ако ситуацијата е ваква само кај законите и некој можеби ќе каже ама имавме избори еве изгубивме два месеци, да, се согласувам, ситуацијата е подеднакво лоша кај подзаконските акти кои што не зависеа од законодавниот дом. Значи повеќе имаме недонесени подзаконски акти, отколку донесени. Тоа значи дека за 12 месеци не сме сработиле ни колку за шест месеци. И мислам дека тоа е како јас разбирам задача на ваквите дебати да испратиме некој тип на предупредување, опомена, критика до институциите кои што не си ја вршат својата задача. Ако го погледнете списокот на подзаконски акти ќе видите дека некои институции практично ни една десетина од задачата што ја имале не ја завршиле. И мора да бараме одговор каде лежи причината за ваквото заостанување. Јас би сугерирала и до вицепремиерот да го зголеми степенот на притисок кон министерствата и кон институциите кои што се платени овие работи да ги завршат. Половина од работата ни остана незавршена и ќе ја премесеме во 2012. Ако тоа ние не го забележуваме и Европската комисија и сите други институции го забележуваат и мислам дека тоа остава лош впечаток за држава која што со право очекува да ги почне преговорите со Унијата. Ви благодарам.

**Хајрула Мисини:**

Благодарам госпоѓо Шекеринска.

За збор е пријавена потпретседателката на Советот за интеграции госпоѓа Бонева, повелете.

**Силвана Бонева:**

Благодарам претседателе.

Најпрвин искрен поздрав до нашата потпретседателка за евроинтеграции во Владата на Република Македонија и искрен поздрав за идејата заеднички, двете собраниски тела да ги разгледуваат резултатите од годината што поминува поврзани со евроинтеграциите на земјата.

На самиот почеток сакам да ги поздравам напорите на потпретседателката на Владата на Република Македонија, за што поголем интензитет на активности поврзани посебно со регионалната соработка која што треба да биде од исклучително важно значење за евроинтеграциите на Република Македонија бидејќи соработката со нашите соседи е еден од критериумите кој што треба да биде исполнет за Република Македонија да добие датум за преговори и да биде членка на големото европско семејство. Затоа мислам дека и понатаму треба да ја охрабриме Владата на Република Македонија да продолжи со уште поголем интензитет на соработка на регионално ниво. Во рамките на тоа соработка со сите наши соседи. Земјите кои што се членки на Европската унија, земјите кои што се претенденти за членство и посебно акцентот да се стави на нашиот јужен сосед. Иако беше одложена средбата за оваа година, која што беше закажана со нашиот јужен сосед. Јас се надевам дека пресудата од Хаг нема да биде хендикеп во нашите взаемни идни односи туку дека ке умееме заеднички да ја искористиме максимално можно, за воспоставуавање на нови мостови на разбирање и пријателство со нашиот јужен сосед и таа пресуда да ни помогне да најдеме заеднички јазик, да се одстрани едно од најважните прашања кои што го кочат развојот на Република Македонија . Не само развојот на добрите меѓусоседски односи со нашиот јужен сосед, туку севкупниот и економски и политички развој на земјата. Јас искрено сакам да им честитам на луѓето кои што беа вклучени во тимот кој што ја донесе таа наша правна победа пред Меѓународниот суд во Хаг. Но, во исто време нека биде тоа една огромна обврска за во иднина да можат да се најдат најдобрите можни модели за комуникација со нашиот јужен сосед, бидејки искрено сум загрижена од однесувањето на нашиот јужен сосед односно покажување на крајна незаинтересираност и одбивање на секаков вид на соработка. Барем така изгледа засега. Нека биде ова едно мое размислување меѓутоа мислам дека многу повеке сите заеднички треба да направиме да воспоставиме мостови на разбирање и од наша страна како

законодавен дом. Со години наназад го покренувам прашањето на комуникација помеѓу парламентот на Република Македонија и Парламентот на нашиот јужен сосед, и дека наш приоритет како законодавен дом треба да биде тоа. Мислам дека сега, уште повеќе треба наш предизвик иден да биде да воспоставиме комуникација, доколку тоа е можно со нашиот јужен сосед. Ги поздравувам активностите на нашиот претседател на Комисијата за европски прашања и на другите собраниски тела и ги охрабрувам да поднесат барање за соработка со нашиот јужен сосед. Мислам дека тоа е единствениот начин кога ќе воспоставиме соработка на парламентарно ниво и кога ќе можеме заеднички да зборуваме и за историските фрустрации и за предизвиците кои што иднината ги поставува пред нас, за добробит на двете земји,за двата народа. Само така може да придонесеме да се стигне до заедничко прифатливо решение. Според мене процесот не треба да се остави да тече само кај преговарачите туку и ние треба да бидеме активни чинители бидејќи ова прашање ја обременува целата земја, сите граѓани на Република Македонија и прави застој во нашите Евро-интеграциски процеси меѓутоа и Евро-атлантските итеграции на Република Македонија. Јас не би се осврнала на она што го работевме во изминатата година, туку би сакала да испратам апел до сите собраниски тела и максимално да се ангажираме за самитот во Чикаго да можеме да лобираме Република Македонија да стане дел од НАТО Алијансата иако овде сме собраниски тела кои што се занимаваат со евроинтеграциите на земјата. Меѓутоа мислам дека тоа ке биде огромен чекор, ако успееме да го прескокнеме тој јаз, тогаш многу полесно ќе биде и нашето лобирање Македонија да добие датум за преговори и да го отпочне тој процес на преговори. Мислам дека сите забелешки кои што се даваат на ваквите седници на Националниот совет на Комисијата за европски прашања треба да се земат како добронамерно и треба да бидат предизвик во идното работење на Владата на Република Македонија, меѓутоа и на самите нас. Треба да бидеме критични првин кон себе, да видиме што е тоа што треба заеднички да го направиме. Мене ми е мило што еве после изборите и тој процес на забавување на многу активности, кои што нормално кога има избори се случува во една земја, па и усвојување на законодавство, подоготовка во исто време нели и на закони, меѓутоа и поминување на тие закони низ Собранието. Мислам дека тој тн., за мене технички дел, кој што сепак има и огромна

суштина во себе, ние можеме да го надоместиме. И месеците кои што беа изгубени за изборите, можеме да ги надоместиме со заедничка активност и со тоа што сите партии во Република Македонија посебно парламентарните партии имаат една цел. Македонија да биде дел од НАТО и од Европската унија. Не е хендикеп тоа што имаме одредено задоцнување во донесувањето на законите. Меѓутоа, најголемиот хендикеп кој што е пред нас, треба заеднички, со заеднички напори во еден глас да се обидеме да ја претставуваме Република Македонија, да побараме она што ни е заслужено да го добиеме датумот за преговори, во многу порелексирана атмосфера, да се продолжи понатаму со разговори, договори, преговори за изнаоѓање на взаемно прифатливо решение за името. Имајќи во вид каква е севкупната атмосфера во Европа, поврзана со кризата и поврзана со се поголемото затварање на европските земји кон проширувањето или пак мислењето на нивните парламенти какво е за проширувањето, имајќи го искуството од она што се случува во Европа, посебно поврзано со кризата. Затоа мислам дека многу важно е ние како Собрание, да имаме многу поактивна улога на сите собраниски тела, на сите комисии, на сите делегации и да бараме од нашите европски пријатели, Република Македонија да започне еден процес на скринг процес, на отварање и на затварање на поглавјата за да може да се релаксира атмосферата и во земјата, меѓутоа и пошироко и да можеме да стигнеме до едно взаемно прифатливо решение за името кое што ќе биде прифатено и од двете страни, меѓутоа ќе биде прифатено и од граѓаните на Република Македонија на референдум и конечно веќе да ги ставиме тие историски фрустрации, да ги оставиме во минатото за да може Република Македонија слободно да продолжи да чекори во иднината. Јас повторно ќе кажам, дека гледам капацитет без оглед на разликите што ги имаме по различни политички партии, гледам дека имаме капацитет како земја во сите политички партии, бидејќи имаме една цел, една идеа, без оглед на тоа кој како мисли дека треба да стигне до целта, но што повеќе зборувме во еден глас за едната заедничка цел, толку повеќе ќе и помонеме на нашата земја да стигне до целта.

Уште еднаш благодарност за она се што заеднички го сработивме, со поддршка на Секторот за евроинтеграции, со Владата на Република

Македонија и се надевам дека сите собраниски тела ќе работат на европската агенда во периодот што е пред нас. Благодарам.

**Хајрула Мисини:**

Благодариме госпоѓо Бонева.

Продолжуваме со дебатата.

Досега се пријавени 5 говорници.

Продолжуваме со господин Гордан Георгиев, потоа следи Ивон Величковски.

**Гордан Георгиев:**

Почитуван претседателе, почитуван вицепремиер за европски интеграции, почитувани колеги, јас се придружувам кон топлите, долги и великодушни честитки и поздрави од страна на госпоѓата колешка Силвана Бонева, нема да губиме време на тоа, и немаме многу време.

Ќе бидам прилично краток, бидејќи ќе го почитувам и времето на останатите пет колеги што се пријавија и ќе се обидам да кажам неколку работи кои што не беа кажани и кои што очекував да бидат кажани во оваа информација, прилично  детално и прилично разработено од технички аспект, но без некои работи, мислам дека се суштински и ако се придружиме на убавите зборови на колешката Бонева, треба да ги прифатиме тука да ги разговараме, како што тоа со нас разговарат и претставниците на Европската комисија или Европскиот парламент.

Да потсетам уште еднаш, бидејќи тоа е една тема која што сакаме да ја заборавамe, тоа е на 8 и 9 декември се одржа Советот на министри на Европската унија каде што Македонија не беше спомната, не беше на агенда, каде што Македонија и покрај победата голема, морална,  не успеа да добие датум за преговори. Тоа сакам да го потсетам, бидејќи јавноста во оваа држава има кратка меморија, има тенденција да ги заборава лошите работи, а со целата машинерија на власта има огромна тенденција да се потенцираат работите кои што не прават реален исчекор во поглед на евроатланските интеграции за Република Македонија. Околу оваа информација почитувана госпоѓо вицепремиер, јас сум малку фрапиран во негативна смисла од овој технико-техницистички би го рекол пристап, има многу текст, има многу детали,

има многу - ќе - формулации, или предвидуваме кои што се типични за коалициоиот партнер ваш во Владата. Не очекувавме дека ќе бидат типични и за вас, но што е тука е.

Јас ќе сакам да кажам неколку работи, не толку што има во овој материјал, бидејќи е навистина обемен, се плашам дека тој е намерно направен толку обемен за да направи конфузија во јавноста, туку што мора да има во оваа информација. Една констација општа, која што мислам треба да јаземеме многу сериозно, е дека од сите посети во Брисел кои што ги прават нашите претставници, или кога доаѓаат претставници од Брисел во Македонија, е еден факт, кој што мене ме боли лично, ама не може да не не боли сите нас, дека Брисел и Европската унија, Европската комисија ако сакате, се помалку не есапи како сериозен кандидат за влез во Европската унија. Вие госпоѓо премиер бевте и во Брисел чинам два или три пати, се надевам дека тоа не беше роуд шоу, како што правеше премиерот, туку навистина сфативте во каква ситуација е Република Македонија во последниве неколку години, особено во последната година.

Кога човек ја чита оваа информација, јас, морам да спомнам една паралела, се чувствувам како да не е ова Република Македонија. Бидејќи оваа информација, овој извештај не е огледало на нашата реалност. Како што вие рековте дека извештајот, е или ќе биде пред да се објави огледало на нашата реалност, јас се согласувам со тоа, но овде не ја гледаме таа реалност. Овде има тенденција да мачкаат очи, да се технизира процесот, да се упатува на разно разни активности што ги планира Владата, што ги планира Секретаријатот за европски прашања, но да не се каже реалноста која што ние очигледно во оваа држава не сакаме да си ја признаеме. А, сите други, вклучително и последниот извештај на господинот Хобит, прилично отворено и прилично јасно ни ја кажуваат. Притоа не сакам да кажам една друга работа која што не може да не засега нас како Република Македонија, а тоа е регионален контекст, каде што веќе од лидер на регионот, од лидер ако сакате во поглед на НАТО интеграциите и лидер на јадранската група, Македонија сега веќе заостанува и зад Србија, и зад Црна Гора и се наоѓаме во за жал непријатното друштво на Б и Х и Косово, кои што беа многу, многу позади нас. Значи, во овој извештај и во оваа информација поточно, нема ни збор за полициската бруталност, она што секој втор претставник на странскиот фактор

на Европската унија и САД ни го кажува во очи, нема ни збор за тн., политички затвореници во Република Македонија, после 20 години од заршувањето на комунизмот, нема ни збор за скандалозниот, скандалозно злоупотребуваниот процес за лустрација, нема ни збор иако оваа Влада покажува некаква по мене, извинете но лажен активитет, но дека има добар активитет околу тоа дека има добра волја на темата клевета и воопшто од комуникацијата со медиумите. Вие бевте пионер во комуникацијата, но гледаме дека од самите новинари ни доаѓаат одгласи дека таа комуникација меѓу Владата е неприродна и дека нема никаков успех сега за сега. Дај Боже да има. Нема збор за затворените медиуми, нема збор за корупцијата и криминал. Има само насоки како ќе се борите и какви се активностите. Нема збор за партиските вработувања, нотирани во извештаите, нема збор за амнестија за злосторството против човештвото. Нема збор за подобрувњето на условите во затворите, една крупна тема која што повторно сакаме да ја заборавиме во Република Македонија. Нема збор за прислушкувањето, и нема, и според овој извештај се совршени меѓуетничките односи во Република Македонија. Нешто за што ниту анкетите, ниту граѓаните кога разговарате со нив, ниту ако сакате коалиционите партнери во Владата не можат да потврдат. Ако тоа го ставиме почитувани колеги во контекст на победата на Република Македонија во процесот во Хаг, која што повторно да нема забуни, СДСМ го поздрави уште првиот ден, иако се запрашаме зошто Македонија по мое строго мислење, а тоа ќе го покаже скората иднина, нема да успее да капитализира од овој добиен спор во Хаг, тоа е заради сите овие причини што ги набројав пред малку.

Замислете ја обратната ситуација почитувани колеги. Замислете ја обратната ситуација, Македонија да беше на тема политички критериуими шампион во регионот, никој од овие проблеми да не се повлекуваше од општеството и како круна ако сакате, како јаготка на шлагот да ја добиеме пресудата од Хаг. Ви тврдам, и би сакал да ме демантира некој, дека нашата позиција како Република Македонија и визави Грција, која што не опструира на овој пат, ќе беше многу посилна, ќе имавме многу посилни аргументи. Сега почитувани пријатели и почитувани колеги, во Брисел ни кажуваат, да пријатели сме ви, да сакаме да влезете во Европската унија, ама сами си ги затворате вратите за Европската унија. Затоа, беше малку апсурдно да се слушне премиерот Груевски како во неговите аргументи, дека ова е успешна

година 2011, го кажува и позитивниот европски извештај, а се сеќаваме сите како тој изреагираше на зборовите на Штефан Фуле, кој што кажа дека Македонија може да не добие следната година позитивен извештај, бидејќи назадуваат реформите. Затоа тешките зборови кои што не сакам да ги слушнеме на господинот Штефан Фуле, и опиеноста би рекол на власта од пресудата во Хаг, ќе имаат по мене кратка употребна вредност. Би сакал да не сум во право, би сакал да се покаже активитет и колешката Бонева цело време апелира да се обединиме, да се обединиме, добро, кажете ни околу што да се обединиме. Би сакал да има сериозен активитет нашата Влада, да ги стегнеме силите, да покажеме дека во следните 6 месеци, тоа не е голем период, ве потсетувам до Самитот на НАТО, дека можеме да направиме некаков исечкор. Во меѓувреме ве уверувам и колеги од власта, и другите скептици, дека Европската унија нема да се распадне, без разлика колку има проблеми, и дека Македонија е единствена сериозна алтернатива до овој момент се дури некој не понуди подобра алтернатива, и е Европската унија. Затоа почитувана вицепремиер за евроинтеграции, ве молам, во иднина, да ги намалиме зборовите, ќе предвидуваме, ќе направиме, туку да се фокусираме на она што сме го направиле и да ваквите информации кога ги добиваме и кога имаме проблем да ги прочитаме, бидејќи се многу технички и кажуваат многу малку работи од она што дневно го живее просечниот Македонец во Република Македонија, да бидат сериозно сфатени и навистина и ваквите информации да бидат огледало на нашата реалност. Само со вистински поглед во тоа огледало ние ќе можеме да се соочиме со проблемите кои што ги имаме, и евентуално да се обидуваме да ги решиме. Во таа борба, ќе имате потполна поддршка од опозицијата. Благодарам.

**Хајрула Мисини:**

Јас ви благодарам.

Сега збор има пратеникот Ивон Величковски, нека се подготви пратеникот Павле Трајанов.

**Ивон Величковски:**

Почитувани, госпоѓо потпретседател на Владата, госпоѓо претседател на Националниот совет, господине претседателе,

Ова е многу убава можност денеска да поразговараме за нашите остварувања, но и за нашите неуспеси. И од технички аспект нема да се задржувам многу на информацијата, бидејќи ќе се согласите дека таа и доста обемна на техничко ниво доста содржинска. Но ќе се согласите дека и не е од преголемо значење, за ценењето на квалитетот на приближувањето и хармонизацијата на нашето законодавство, податокот да launched речеме, не знам, на 6-ти септември еден учесник од Агенцијата за храна, учествувал на семинар, или не знам некое предавање на заштитата на пчелите. Ова го кажувам од причина што преголемото обременување на содржината на материјалот со технички содржини, со фактографија, практично не оддалечува од она што би значело вистинска и суштинска расправа овде во Собранието, по овие прашања иако нормално немам забелешка што и таа инфорамција се нашла, но можеби не во содржинскиот дел не би припаѓал. Она што натаму сакам да го кажам е дека во овој осврт по предложениот материјал нема да се задржувам на голем број теми. Ќе се задржам на неколку основни, и притоа ќе ми дозволите да дадат и една политичка оценка, дека вие со вашето работење госпоѓо вицепремиер, само неуспешно се обидувате да ја суплементирате работата на министерот за надворешни работи. Мене ми е жал што вие како вицепремиер, не можете да ги ставите веројатно своите капацитети до крај на материјата која ви е изворно, која изворно ви припаѓа. Туку мора истовремено да ги компензирате слабостите, на министерот за надворешни работи, кој според мене во овој момент го има пропуштено водењето на надворешната политика на Извршниот комитет на ВМРО ДПМНЕ. Бидејќи тоа го ценам како констатна слабост, тука е присутен и поранешниот министер за надворешни работи, не би сакал да се задржувме на теми и дебати, од типот што во дадена ситуација на некого му било кажано од неговиот грчки колега, тој го прифатил како такво, и не можел натаму ништо да прави. Едноствно, мислам дека Република Македонија нема министри за надворешни работи кои ќе се повлечат на првата пречка, како што тоа го нарпавил претходниот министер, туку има министри за надворешни работи да одработат нешто за Република Македонија. Она што натаму ме загрижува, сега господине претседателе вас ќе ви се обратам е фактот што додека колешката Бонева за потребата од обраќање до грчките колеги, таа очигледно не знае дека вие веќе се обративте и остваривте средба со вашата колешка претседател на Комисијата за европски прашања. Ова мене сериозно

ме загрижува затоа што во овој момент, како што ја поздравувам работата на вицепремиерот Арифи, така ја поздравувам и вашата работа, вие го одработувате своето, и ќе ви кажам, и ќе ги запознаам оние кои што не знаат. Бидејќи грчкиот Парламент госпоѓо Бонева, нема делегација за соработка со нашиот парламент, оваа соработка на ниво на комисии за европски прашања, господинот Мисини ја обработува. За мене е прашањето, зошто вие тоа не го знаете. Каде е слабоста во комуникцијата. Од тие причини мислам дека ако се задржувате на флоскулите што премиерот ги кажува во однос на тоа дека не можел да обезбеди средба со својот грчки колега, еве јас можам да ви ги понудам либералните искуства. Ќе ви кажам зошто. Либералната партија да речеме е членка и на европски и на регионални организации. Знаете како? Под името Македонија. Јас разбирам дека тоа вас ве фрустрира, затоа што вие мака мачите како партија како да станете членка на регионална или континентална организација и под акронимот ФИРОМ. Но треба да се запрашаме зошто е тоа така. Прво, затоа што некој на време ги започнале своите интеграции, а некои каскаат во тоа. И овој извештај тоа го покажува, тука е мојот страв. Прво ќе ви дадам еден вовед во она што сакам да го зборувам и се однесува на делот на владеење на правото и човековите права и слободи и граѓанските права и слободи. Денешен весник објавува дека Министерството за внатрешни работи 10 дена криело педофил. Тоа значи дека 10 дена, законските права и должности Министерството за внатрешни работи не ги исполнувало, а ус пат е прогласено за една од најтранспарентните министерства. Мислам дека тие работи не поминуваат. Можеби ќе поминат во домашен извештај, ивештај што овдека ќе оди во Собранието, околу функционалноста на институциите, но надвор од тоа, госпоѓо потпретседател на Владата, почитувани колеги, тоа не минува.

Се јавив за збор затоа што ценам дека во овој извештај на ниво на фактографија и надвор од содржина е внесен и дијалогот меѓу Владата и Здружението на новинари. Ќе дозволите прво уште еднаш да ја изразам мојата скепса. Дека не може да има дијалог, меѓу оние што контролираат и меѓу оние што треба да бидат контролирани од јавноста. Едните контролираат во име на јавноста, другите треба да се контролирани од таа јавност. Но во ред. Ќе дозволите да го изразам и својот скептицизам по ова прашање бидејќи спаринг партнер во тој дијалог е меѓу другото министерот за внатрешни работи. За

мене тоа е непоимливо. Но на крајот ќе дозволите иако е надвор од временскиот период за кој што зборувате, да искажам незадоволство, што не ја нотирате овде и парламентарната иницијатива за донесување на закон за измени на Кривичниот законик, за кој бидете искрени и доследни до крај и кажете дека вчера Владата достави негативно мислење, што директно го подгрева вашиот воспоставен дијалог нема да навлегувам во образложување на мислењата на Владата, бидејќи тоа ќе биде кажано во собраниска седница. Но фактот што вие на основа на периферни оценки како Влада, давате негативни оценки за иницијативата и за содржината врз основа на даденото, потенцирам образложение во Законот, значи дека всушност и дијалогот го водите на ниво на периферност и површност. Не вие лично, туку Владата. И веројатно една од оценките на нашата колешка која што рече дека не го поддржува законот бидејќи нема проблем опозицијата со медиумите, туку Владата, била всушност само една луцидна но многу искрена забелешка. Ќе ви кажам зошто ова го ценам. Затоа што основните забелешки на извештајот за напредокот на Република Македонија во 2011 година се задржува токму на ова прашање. Но ќе ви кажам и она што најмногу ми пречи госпоѓо потпретседател, а тоа е дека ова мнозинство и оваа Влада избраа наместо да дојдеме во позиција вин, вин, да одиме во позиција на конфронтација по клучни човекови права. Натаму, фактите и истражувањата кои зборуват за дијаметралните спротивставености меѓу Македонците и Албанците граѓани на Република Македонија, зборуваат дека имаме недоволно или несуштинско остварување на колктивните права, и апсолутно, периферна и површинска примена на Рамковниот договор. Во овој извештај вие зборувате за децентрализација која поминува на второ ниво. Која поминува во фискална децентрализација. Но не кажувате колку Владата практично со своето задоцнување на трансферите, со нереалната основа на тие трансфери, жестоко го попречува остварувањето на обврските на единиците на локалната самоуправа кон нивните добавувачи и извршители на услуги. Што ќе се согласите сериозно влијае на квалитетот на услугите што ги пружа самата локална самоуправа, а знаеме дека децентрализацијата и локалната самоуправа се првиот и суштински допир на граѓаните со државата и институциите, онаму каде што тие ќе можат да ги остварат тие потреби. Дозволете во делот на владеењето на правото и во делот на спречувањето на корупцијата да се осврнам има уште една тема. Ќе

ве потсетам имам доблест да ги поздравам позитивните чекори на министер или на Владата во целост. Го поздравив фактот што министерот за правда, предложи измени и дополнувња на Законот за политичките партии.  Го поздравив тој факт, исто како што кажав дека само две од 6 забелешки на ГРЕКО комисијата, низ тие измени и дополнувања на законот се имплементираат. Но, ќе кажам и натаму, подобро 2 од шест, отколку нула од 6. Верувам дека останува нашата обврска и останатите 4 да ги имплементираме. Но госпоѓо вицепремиер до ден денешен Министертвото за правда не ги исполнува своите обврски кон политичките партии по основа на закон. Ќе ве потсетам денес е последниот ден кога работи трезорот, како вие очекувате политичките партии да престанат да бидат основа на партократијата во Република Македонија, основа ако сакате и на политичката корупција во Република Македонија, ако државата не ги исполнува своите обврски кон партиите, а тие се основниот генератор, основниот генератор на кандидати и на учесници на сите нивоа на власта и законодавна и извршна. Од тие причини ќе кажам дека овој извештај, апсолутно е содржаен во технички, но комплетно отсуствува содржината во суштински аспект. И притоа верувам дека во овој момент вие не можете да направите веројатно и ништо повеќе, ова ќе го дадам како политичка оценка, и таа не се однесуа на вашиот личен капацитет, туку се однесува на фактот што овде имаме практично две влади во една, два концепти во еден, и на крајот на краиштата во рамките и на Парламентот имаме повеќеслојна поделба. Не само помеѓу власта и опозицијата. Туку и во самото владеачко мнозинство.Затоа ќе ве повикам на храброст, ќе ве повикам сите на трпение, и можност и се надевам и мудрост да ги согледамем точките во кои заедно ќе можеме да дојдеме до конкретни решенија, а разликите натаму да можеме да ги расчистуваме и да ги разгледуваме врз основа на разни концепти, а не на замаглени документи. Ви благодарам.

**Хајрула Мисини:**

Ви благодарам и јас.

За збор е пријавен пратеникот Павле Трајанов, во меѓувреме да се подготви Антонио Милошоски, повелете.

**Павле Трајанов:**

Јас да ги поздравам претседателството и потпретседателот на Владата и сите присутни,

За мене ќе беше од исклучителна важност да имаме претставник од Европската унија кој што ќе ги прзентираше актуелните состојби во рамките на Европската унија, бидејќи тоа што го слушаме што го читаме во сите сега медиуми, дека Европската унија се наоѓа во една своевидна криза, пред се економска но и политичка криза, и во едни такви услови, се поставува прашањето, дали ќе биде свртено вниманието кон проширувањето на Европската унија и можните последици за тој процес, вклучително и местото на Република Македонија. Тоа значи дека оваа криза со која што се соочува Европската унија, или според предвидувањето на експертите, на економските експерти дека ќе навлезе во рецесија, можеби и за тоа требаше да поразговараме за ефектите врз вкупните состојбите во Европа, посебно врз Балканот и состојбите во Република Македонија. Тоа е една од клучните прашања.

Второ, на кое што сакам да му посветам внимание е тоа што Република Македонија е навистина во една тешка блокада, блокада на процесите на евроинтегрирање и за влез во НАТО. И трето исто така важно прашање е тоа што Република Македонија досега не подготви стратегија, платформа како да го движи овој наш процес во евроинтегрирање. Овде е подпретседателката на Владата која што неодамна најави, тоа го направи министерот за надворешни работи дека има некаков скрининг, период не знам, кој што сепак за така една платформа, многу малку бевме информирани пратениците и јавноста, и мислам дека Република Македонија се додека не подготви заедничка стратегија, платформа како да се движи напред, како да одиме чекор по чекор кон приближувањето на стандардите на Европската унија, и како да направиме систем за да добиеме покана за влез во НАТО, мислам дека и натаму ќе расправаме повеќе протоколарно како што имавме саат време на протоколарно обраќање од работното претседателство и дека нема да има расправа, нема да има идеи и нема да има акција која што ќе ја движи нашата држава напред. Во оваа насока од трет пат од оваа говорница значи, го отворам прашањето можно ли е Република Македонија да ги отвара поглавјата за напредок кон Европската унија, да ги прифаќаме европските

норми,значи,нашето законодавство да го усогласуваме со еворпското, да ги прифаќаме стандардите на Европската унија, независно од тоа што ние формално сме блокирани да се движиме напред како држава. Мислам дека тоа е како прашање доста битно, дали може да се движи нашата држава напред, бидејќи тоа е во интерес на граѓаните на Република Македонија, ако ги прифаќаме, ако ги усвојуваме повисоките стандарди.

Затоа, мислам дека се додека нашата држава, во нашата држава отсуствува консензус, платформа, ние нема да се движиме напред. Од битните прашања кои што беа кои што се посочени во извештајот и кои што денеска беа посочени јас сакам за две да кажам свои согледувања. Прво, околу јавната администрација. Значи, јавната администрација во Република Македонија стана доста гломазна, неефикасна и апсолутно нема да ни помогнат промените во Законот за општа управна постапка. Во оваа насока мислам дека приемот на припадници од етничките заедници согласно рамковниот договор, соодетна застапеност, се одвива преку еден процес кој што и натаму ја слабее јавната администрација. Јас сакам да видам цврсти и јасни критериуми, најспособните, кои што завршиле школи кои што знаат повеќе јазици се дошколувале во странство, ги имаат тие приоритети и предност при вработување, не приоритетната листа и натаму да ја правиме политичките партии и така како што нагласив слабата гломазна администрација, таа и натаму да се шири, но без да придонесува за државата да функционира во целина многу поефикасно.

И втората работа околу втор битен проблем се состојбите во медиумите. Тешко дека за тоа што сите се залагаме да се отвори една расправа за состојбите во медиумите, врз основа на една подготвена анализа тешко дека една таква распрва ќе направиме или ќе видиме некоја таква анализа, бидејќи повеќе од јасно е дека сопственицте на медиумите каде што имаат влијание, дека тие се присутни и во јавноста и уште повеќе во тие здруженија на новинарите каде што исто така имаат влијание тие што имаат и моќ над медиумите и политичка моќ и затоа внатре во рамките на овие асоцијации на новинарите тешко дека ќе се изгради заедничка платформа или претходна анализа и тешко дека ќе дојдат до решенија кои ќе бидат во функција на јакнење на новинарската професија или јакнење на четвртата власт. И поконкретно, медиумите да бидат оние преку кои ќе се говори вистината, ќе бидат објективни, и ќе бидат независни од политичките влијанија и притисоци.

Така да сите овие средби што започнаа помеѓу власта и новинарите се добри, но мислам дека отсуствува конкретна акција, а таму се неопходни коренити реформи доколку сакаме новинарите и натаму да бидат движечка сила на демократските процеси во нашата држава. Ви благодарам.

**Хајрула Мисини:**

Ви благодарам и јас.

Сега збор има Антонио Милошоски, претседател на Комисијата за надворешна политика, а да се подготви господинот Тито Петковски.

**Антонио Милошоски:**

Почитуван претседателе, почитувана заменик претседател на Владата на Република Македонија, почитувана претседателка на Националниот совет за европски интеграции,

Јас би сакал најнапред да се заблагодарам за извештајот кој што денес имавме можност да го дискутираме. Сметам дека овој извештај е сеопфатен и би потенцирал уште еднаш дека извештајот се однесува на Усвојувањето на правото на Европската унија. И на плановите, националните програми, акциите што Владата на Република Македонија и Собранието ги превземаат во овој контекст. Но ако може да служи како утеха, почитувана госпоѓо Арифи, јас би ви кажал дека каков извештај денес да поднесовте, немаше да можете да ги одбегнете неоснованите критики од опозицијата. Ако беше прекраток, обвинувањето ќе беше зошто им е прекраток, ако е полн со податоци и аргументи, зошто има толку многу фактографија, ако имаше политички констатации, зошто ги има, ако ги нема, зошто недостигаат. Така што сметам дека тоа е еден дел од нашата би рекол, собраниска, околност и начин на поимање на работите, како и да е, она што е важно е што вие како претставник на Владата на Република Македонија, не се откажувате од вашите обврски и напори да го унапредите овој процес и истиот и понатаму да биде вреднуван како клучен капитал и придобивка во досието на Република Македонија пред Европската комисија. Ако некој сака оценка за политичките критериуми во Република Македонија, не мора да биде политичар, доволно е да биде човек, кој што сака реално да ги прими податоците, информациите и препораките од Европската комисија. А тие и по трет пат гласаат дека Македонија е политички

зрела држава, која што ги исполнува политичките критериуми, што е способна и административно и политички и олштествено да отпочне преговори за полноправно членство во Европската унија. Нема друга пречка, која што е застаната на тој пат, освен меѓународно нелегитимното избегнување на обврските и попречување од страна на Република Грција. Нема ниедна друга пречка која што стои на патот помеѓу она што Македонија го има заслужено и она што Европската комисија го препорачува и го посакува.

И затоа сметам дека исполнувањето на политички критериуми треба да биде не само придобивка, туку и предизвик кој што и во идната 2012 година ќе мора да го одржиме со заеднички напори и со продолжување на реформите. Гледам дека одредени колеги пратеници се обидуваат да манипулираат со злоупотреба на полициското насилство или со изолирани инциденти кои што ги претставуваат како однос на државата кон граѓаните, но јас само би повлекол една паралела. Оние кои што подолго се занимаваат со политика во оваа држава, помнат едно време, пред 15 или 20 години, кога се демолираа дискотеки, кога се применуваше брутално насилство и врз граѓаните и врз земјоделците и врз штрајкувачите и уште не знам кон кого, имаше и политички атентати, а каде што никој ниту еднаш, без разлика дали бил или не бил полициски службеник не се нашол пред лицето на правдата. Денес за било каква злоупотреба, таму каде што ќе биде констатирано, органите функционираат на начинот на кој што треба да дејствува правната држава.

Реформската динамика според мене е добра и треба да продолжи со ова темпо и ако не е тајна дека имаше забавување во процесот на усвојување на законите, но мора да се има во предвид објективната околност на спроведување на парламентарни избори кои што се одржаа, да не заборавиме по барање на опозиционите партии, и без разлика тоа барање беше удоволено, опозиционите партии го добија она што го посакуваа, изборите главно беа уште една демонстрација на демократската зрелост на целото општество но во секој случај ќе треба да се направат дополнителни напори ова време кое што за момент беше дел на други активности на државата да биде надоместено со оние закони кои што треба да бидат усвоени во иднина.

Од друга страна сметам дека реформската динамика во Република Македонија и во Собранието на Република Македонија е задоволителна, ако се има во предвид дека истата се одвива во едни не сосема поволни околности на

развојот на ситуацијата во Европската унија и дека истата се одвива и по трета година на добиена препорака за отпочнување на преговори за членство, која што не е реализирана.

Доколку ние вчера, денес или утре би ги отпочнале преговорите за членство во Европска унија јас сум сигурен дека тоа ќе биде уште посилен ветер во едрата на реформскиот процес на нашата држава. Но за жал, околностите заради кое што тоа не е случено, веќе ги напоменав.

Мислам дека треба да се продолжи со напорите во рамките на Европска унија и особено во рамките на бриселската дипломатија и бирократија, да се запознаат сите фактори на Европска унија со обврската која што не е исполнета од страна на соседна Грција и која што беше верификувана со пресуда од меѓународниот суд на правдата. Оваа највисока институција на ОН мислам дека е најсилниот авторитет и земјите членки на Европска унија и самата Европска унија која инсистира на владеењето на правото, сметам дека не би имале против создавање на околноси во еден разумен временски период за владеење на меѓународното право кое што беше потврдено од меѓународниот суд на правдата во Хаг.

Истовремено жалам што не успеавте во вашата искрена намера да остварите средба со вицепремиерот на соседна Грција и да разговарате за билатералните, но и за прашањата за европските интеграции, тоа е само уште еден показател дека нашите и вашите иницијативи и залагања за билатерални средби за унапредување на односите и за придвижување на процесите напред, од кои што и двете држави би имале заемна полза, сеуште за жал не наидуваат на позитивен одглас во официјална Атина. Но да се надеваме дека и овој период кој што следи пред нив и особено тежок од економски и финансиски аспект можеби ќе биде и шанса за соседна Грција да размисли уште еднаш и да ги преиспита односите кон соседите од секоја гледна точка.

Од друга страна сметам дека Европска унија исто треба да биде информирана во секоја можна прилика, дека највисоките официјални лица од официјална Атина јавно ја искажаа својата неспремност да ги продолжат или ва вложат свој личен и политички капитал во преговорите за разрешување на спорот кој што Грција го има со уставното име на Македонија.

Од таа гледна точка уште поголема е причината за да се лобира, да се дејствува и да се бара она што Македонија го има заслужено, а тоа е да добие

одлука за почеток на преговорите за членство, бидејќи ако страната што ги блокира нашите пристапни преговори, тоа го прави на еден меѓународно нелегитимен начин, а истовременот спорот за кој што тоа го има направено не сака да вложи напори да го разреши во еден билатерален дијалог, тогаш нема зошто дополнително во рамките на Европска унија да не се работи за создавање на околности она што е продуктивно и заслужено веќе да се случи во односите помеѓу Македонија и Европска унија односно да се започне со преговорите за членство.

Бидејќи беше спомената пресудата од Меѓународниот суд на правдата во Хаг, јас би сакал уште еднаш да потврдам дека  тоа е еден сериозен меѓународно правен успех на Република Македонија кое што може да служи како дипломатски капитал во нашите обиди да стигнеме  до она за што сме подготвени, а тоа е членството во НАТО и преговорите со Европска унија. СДСМ штета е што ја одби понудата на делегацијата што ја застапуваше државата во Хаг да биде дел од самиот процес кога се донесуваше таа пресуда и одби да учествува со своја парламентарна делегација. Тоа ќе беше многу добра шанса да се демонстрира единството околу заштитата на правото на државата согласно меѓународните договори и уште еднаш да се демонстрира подготвеноста на сите политички актери во државата да дејствуваат во интерес на Република Македонија.

Она што би сакал да го напоменам во однос на поглавјата кои што се обработуваат во извештаите се две поглавја, првото поглавје е судство и второто поглавје е јавната администрација.

По однос на судството само би ги истакнал оценките на европратеничката Моника Маковеј која што важи за еден од подобрите авторитети во правосудните реформи, борбата против корупцијата во рамките на Европскиот паралемент кое што смета дека Македонија има направено многу добар напредок во однос на судските реформи и дека ако продолжи со ова темпо со спроведување на реформите во правосудството може многу брзо да ги стигне стандардите на повеќе земји членки на Европска унија. Јас знам дека ова нема да биде лесен процес, реформите прво ќе наидуваат на политички отпор кај одредени фактори кои што посакуваат статус кво во односите во правосудството, второ и тоа е фела која што има свои интереси и сигурни дека нема секој чинител во тој склоп да ги прими доброволно овие

реформи или истите да почне  да ги применува, но на Владата на Република Македонија останува, а за тоа во Собранието секогаш ќе имате силна политичка подршка да не запре овој процес на рефори за да можеме правосудството, владеењето на правото да го унапредиме не само во интерес на демократијата и човековите права, правната извесност, туку уште повеќе и за самиот економски развој и создавањето на уште подобри услови за домашни и странски инвестиции.

По однос на реформите во јавната администрација, јас тука би имал една моја препорака, се работи за област во рамките на европските реформи во која што нема униформирано или усогласено европско аки или европско законодавство. Колку што има држави членки на Европска унија толку има модели на јавна администрација и уште повеќе обиди за реформи или усовршување на јавната администрација.

Затоа почитувана заменик претседател на Владата на Република Македонија според мене сметам дека Република Македонија треба да одбере еден модел кој што сметаме дека е соодветен на устројството и на околностите на Република Македонија и да го спроведува истиот модел во еден подолг период затоа што реформите на јавната администрација ниту почнуваат, ниту завршуваат во еден ден. Истовремено сметам дека таквиот модел треба да биде одбран помеѓу државите кои имаат одредени сличности со Република Македонија како што на пример е Република Словенија која што е веќе членка на Европска унија и чии што стручни лица веќе учествуваа во изминатиот период во подготвувањето на одреден концепт за реформа на јавната админстрација. Во спротивно можеме да се доведеме во ситуација да прифаќаме многу совети од многу заинтересирани групи во или околу Европската комисија кои имаат свои кариерни и материјални и свои останати интереси и кои што секогаш имаат потреба  од изнаоѓање на, условно кажано, тезги за пласирање на од себе пофалените производи, продукти, модели. И да влеземе во една ситуација каде што примајќи многу совети или следејќи многу препораки да не успееме да создадеме еден модел на реформа на јавната администрација која ќе одговара на Република Македонија.

Тоа се моите размислувања и моите оценки во овој поглед, истовремено ви пожелувам во 2012 година да успеете да остварите средба со вашиот грчки колега Пангалос и се надевам дека истата ќе биде можност да му бидат

пренесени и нему и на грчката влада нашите добри намери за напредок во билатералните односи и за откочување на процесот на евроинтеграции во интерес на сите земји во регионот и во интерес на угледот на Европска унија. Благодарам.

**Хајрула Мисини:**

Ви благодарам и јас.

За збор е пријавен пратеникот Тито Петковски и потоа Тања Хафнер Адеми.

**Тито Петковски:**

Благодарам господине претседател.

Јас сакам веднаш да кажам извештај, како извештај набележува прашања, проблеми, можности, излезни решенија, итн. и нема да говорам за квалитетот на извештајот, должината и ширината, сакам неколку прашања, сосема кусо за суштината, за прашањата што ги покренува извештајот. Не сакам да кријам, тоа го реков и на седницата на Собранието кога се бираше Владата, искрено очекував министерот за евроинтеграции односно заменик премиерот со својот морален, јас би рекол и политички кредибилитет до сега и во овој момент најдобрата македонска карта за евроатланските интеграции. И реков и тогаш и сега ќе повторам, добро е тоа што премиерот се одлучи ресорите клучните места и во Собранието и во надворешите асоцијации во кои што е членка Република Македонија да ги довери на ДУИ. Тргнувајќи од министерот за евроинтеграции, министерот за одбрана, претседателот на Комисијата за европски прашања, претседателот на делегацијата во значајна европска институција, сепак говори дека има добри намера Македонија да стане членка на НАТО и Европска унија.

Но јас верувам и ја поздравувам оваа почетна иницијатива на заменик премиерот за европски интеграции, сигурен сум дека нема ниту една причина нејзината транспарентна политика, нејзиниот одговорен однос кон нашите државни интереси не продолжи и понатаму. Но сакам нешто мошне силно да подвлечам. Мошне сериозно мораме да ги сфатиме предупредувањата на еврокомесарот за проширување дека Македонија може да го реши проблемот

со името, а  да не добие покана за почеток на преговори. Многу сериозно тоа треба да го сфатиме.

Не ни треба да отвораме војна со Европска унија. Дали воопшто оние луѓе кои силно ја критикуваат Европска унија, еве сега слушам еден мој колега овде, дека Европска унија има сериозни проблеми и може да влезе во економска рецесија, политички турбуленции итн. Но дали сме размислувале што ако се растури Европска унија со Македонија, постојано ми го поставуваат прашањето, вие сте дефетист, не верувате во самостојноста, во потенцијалот, капацитетите на Република Македонија. Не верувам заради историските реминисценции во врска со Република Македонија. И дека ќе се отворам многу прашања, ќе се отвори Пандорината кутија, и дека ние како мала нација, мала држава многу тешко  можеме да се справиме до колку зад себе немаме моќен сојузник како што е Европска унија и членството во НАТО, апетитите на многумина ќе пораснат.

Некои други и предвидуваат апокалиптични процеси во Европска унија, па дури некој и војна, еден голем генерал американски предвидува и можност на таков расплет на настани на Европа, не би сакал да верувам дека тоа би можело да биде реално. Но сакам да ве уверам, дека Македонија навистина нема алтернатива од НАТО и Европска унија, безбедносниот чадор што се вика НАТО за Македонија е гаранција, останува трајно како гаранција за нејзиниот тероторијален интегритет, суверенитет и независност и во тоа треба сите да се увериме и кон тоа да ги насочуваме нашите напори.

Дали навистина некој верува, гледам и новинарите ја туркаат таа теза дека за Македонија ќе дојдат подобри денови ако се распадне Европска унија бидејќи не ја сакаат Македонија. Па дури сме расположени таму да и држиме лекција на Европска унија како треба да фукционира.

Почитувани колеги и останати членови на Националниот совет, говорам колеги пратеници, мислам дека имаме обврска она што го говориме меѓу себе, истакнувајќи на вакви прилики дека сме многу загрижени за обезбедувањето на нациналнo единство, да направиме стратегија, ајде конечно да го направиме тоа. Премиерот 6 година говори дека на Македонија и треба единство, ама не го видов ниту еднаш да напише на парче харија како го подразбира тоа единство. Па да понуди на нас како на Национален совет, како Комисија, како пратеници, како државни институции да понуди, е па луѓе ова се темите околу

кои ние треба да обезбедиме национално единство во врска со евроатланските интеграции.

Колегата понуди и понуда и други некои говорат дека нема стратегија, еве и колешката Бонева кажа, ни треба стратегија да дишиме како еден, па ајде да ја направиме стратегијата. Нели во 2008 година како Собрание донесовме Резолуција за утврдувањето на стратегија за борбата на нашето уставно име, позицијата на Република Македонија. Ги задолживме и премиерот и претседателот на државата да направат консултации со сите парламентарни партии, со бизнис заедницата, со невладините организации, со синдикатите и целокупниот политички ангажиран потенцијал во оваа држава и да ја направиме таа стратегија. Мислите мрдна некој? Никој, ниту премиерот, ниту претседателот, не напишаа ниту еден збор. Како ќе ја направиме, ве молам објаснете ми како да ја направиме стратегијата. Како Македонија да направи стратегија? Често пати завидуваме на Грција, грците имаат стратегија, ама имаат државна стратегија, ајде и ние да ја направиме државната стратегија.

Дали приметувате кога преговарачот од грчка позиција оди во Њујорк секогаш ги свикува и опозиционите партии и сите оние луѓе кои што нешто значат, авторитети, па после оди на преговори таму. Сте приметиле некогаш преговарачот од Македонија да ги повика опозицијата или некои други од експертската заедница, од бизнис заедницата итн. никогаш. Тој знае најмногу, бидејќи директен му е линкот со премиерот, тој си оди таму, си ги застапува ставовите на премиерот. Значи, ние немаме државна политика, значи, не ни недостасуваат форми, желбата недостасува. Ако има желба кај премиерот, до сега тоа ќе го направевме.

Кога реков дека треба да си ги завршиме нашите работи не да гледаме во Европска унија сакам навистина да бидам многу директен. Мојот обид Комисијата да работи во рамките на законот, Деловникот и Уставот од министерот за внатрешни работи е оценето како обид за промоција, моја лична промоција. Зошто ми е мене промоција, лична промоција. Видовте госпоѓа Шекеринска ги прочита само дел од забелешките на Европската комисија во врска со работата на потребата за контролирање на тајната полиција и воопшто на Министерство за внатрешни работи. Видовте во извештајот на ОБСЕ подвлечено е единствено дека министерот за внатрешни работи повеќе за изборите 2011 делувал како партиски активист, отколку како министер за

внатрешни работи. Не го напишав јас тоа во извештајот на ОБСЕ. Во Извештајот на Европската комисија дебело е подвлечено потребата од реформи таму, и сега ако ние се обидеме во рамките на она што го очекува Европската комисија да делуваме, е тоа е веќе обид за рушење на министерот и обид за лична промоција. Така нема да стасаме подалеку од Табановце. Така ќе останеме приковани на дното, некој рече овде со Србија, не со Србија и Црна Гора, тие веќе отидоа, Македонија дефинитивно останува последниот вагон со Косово и Босна и Херцеговина. На тоа ако мислите дека треба да се помириме да продолжиме и понатаму да делуваме како сега.

И конечно сакам да предложам, бидејќи доста се отвори полемика околу ова за дострелот на Хаг. Навистина тоа е една, јас би рекол историска, морална, правна победа на Република Македонија, ама почитувани колеги денеска во светот не владее меѓународното право и моралните принципи, владее силата, моќта. Македонија каде е тука. Дали воопшто ние сме подготвени да размислуваме сега, што ќе се случи со оваа наша политика, ако и во Чикаго апсолутно не станеме членка на НАТО, која приказна натаму ќе ја прикажуваме, дека истата политика е продуктивна за Република Македонија. Ние сме во право, правдина никаде не постои, а во меѓународни размери, тоа е докажано сто пати, нема. Кој го моделира светот денес? Тој што го моделира светот, утредента некој рече овде, уште не се израдувавме на одлуката на Хашкиот суд, ни кажаа ама слушајте, таа е одлична, но вие седнете договорете се со Грција па да добиете покана за почеток на преговори и да добиете покана за членство во НАТО. Значи, пак се враќаме на почетната позиција.

И да заклучам, дефинитивно јасно оваа политика е неуспешна за македонските евроатлански интеграции. Нешто треба да се промени, ама да се промени дајте навистина да седнеме на едно место. Ние не ги слушаме овде ниту бизнис заедниците, ниту синдикатите, ниту невладините организации, никого не слушаме. Ние сме самобендисани и мисламе дека се знаеме. Ајде да договориме тогаш да ја делиме судбината сите, ама да ја делиме судбината и позиција и опозиција и целокупното општество треба да партиципираме во градењето на тоа единство и градењето на таа државна стратегија. Значи, одлуката од Хаг има навистина на морален план сплотување внатре, докажување дека сме во право, силно психолошко дејство. Ама нема никакво

правно дејство и нема бидејќи сепак тоа треба да го спроведе Советот за безбедност, не го спроведува Хашкиот трибунал.

Значи, да заклучам, на Македонија и понатаму и треба борба за докажување на исправност на својата позиција и со политика и со дипломатија, меѓутоа и со право. На сите фронтови мора да водиме борба, но пред се сакам уште еднаш да укажам и очекувам госпоѓо заменик премиер, вие да покренете една иницијатива во Влада, во рамките на Владата нека тргне една иницијатива како да обезбедиме државна политика во заштитата на нашите државни интереси кога станува збор за НАТО и европските интеграции. Значи, станува збор за нешто многу фрагматично, да ги договориме прашањата околу кои нема разлика меѓу позиција и опозиција. Дефинитивно нашата позиција во свет ќе стане релевантна и ќе стане многу почитувана. Кога ние овде толку се исцрпуваме меѓу себе, се дискредитиреме, се навредуваме, се омаловажуваме, говориме дека не сме способени, тогаш бидете сигурни надвор никој нема повеќе да не почитува. Благодарам.

**Хајрула Мисини :**

Мислам дека на крај госпоѓата Теута ќе ни одговори на сите, сега збор има преставникот од невладината организација, Граѓанска платформа на Македонија госпоѓа Тања Адеми, повелете.

**Тања Хафнер Адеми:**

Благодарам.

Почитувана вицепремиерка, почитуван претседател на Комисијата, почитувана претседателка на Советот, потпретседателка, почитувани пратеници и членови, колеги претставници и други присутни.

Како новоизбраниот претставник на Граѓанската платформа на Македонија, дозволете ми за прв пат да се уклучам во работата и да ви презентирам неколку мои согледувања во врска со Информацијата што ја разгледуваме денес, но и на моите колеги од секторот кои ги застапувам јас во ова тело.

Минатиот петок, на 23 декември со поддршката на Граѓанска платформа и проектот на Европска унија, техничка подршка на граѓанско општество на моја

иницијатива организираме една средба, мислам дека учествуваа околу 38 преставници од поширокото граѓанско општество, на кои дискутиравме како нашиот сектор може поефикасно да се вклучи во работата на самиот Совет, но секако дебатата и темата беше прешироква, како нашиот сектор, граѓанскиот сектор може поефикасно да се вклучи на креирани политики и процес на одлучувањето.

Задоволство ми беше што на средбата учествуваа и неколку претставници од овој Совет, како и преставници на стручната служба на Советот. На самата средба произлегоа неколку краткорочни, но и долгорочни предизици во нашето вклучување, но во оваа прилика секако би сакала да спомнам само тие што се однесуваат на точките на денешниот дневен ред.

Претставници едногласно констатираа проблем во временска рамка и форма во која законски или подзаконски предлози и како што информација денес се доставени на нашиот сектор односно на поширокатa јавност.

Конкретно на примерот на денешната Информација за временска рамка. Информацијата за реализација на активностите од Националната програма за усвојување на правото на Европска унија, беше доставена многу порано, мислам 30 дена, а согласно нашиот Деловник за работат тоа е три дена, и тоа го поздравуваме. Но искуството мое и на моите колеги кои учествуваат во различни консултации, подготовки на подзаконски и законски акти во соработка со Владата и Собранието укажува дека не само практиката туку и самата рамка што е зададена законска е прекратка за нас да ни овозможи суштински да учествуваме во процес на креирање на политики и одлучувањето. Од ова произлегува дека за битните прашања и теми како што е ова денес, нас ни треба барем минимум ако не, 30 дена да можеме да разгледаме и суштински да може да учествуваме, се разбира за битните прашања.

Што се однесува до формата веќе неколку членови, претставници кажаа нешто на оваа тема, но и јас сакам тоа да го потенцирам.

Земајќи ја во предвид сеопфатноста, битноста на Информацијата и предлозите што ги разгледуваме денес во поглед на процес на евроинтеграција на Република Македонија битно е тие информации и предлози како што таа денес да бидат проследени во соодветна форма, со цел засегнати институции, граѓански организации, граѓаните да можат ефикасно да ја следат, да ја анализираат и да дадат свој придонес. Односно, оваа Информација денес

што ја имаме разгледано, секогаш зафаќа, бидејќи јас ги следам тие информации со години не само оваа година како член на советот, секогаш зафаќа  на квартално ниво од 80 до 100 страници или на годишно некогаш тој зафаќа 400-500 страници. Тој е многу детален, сеопфатен, статистички и фактички и тој е многу за поздравување, со цел имајќи целосна транспарентност и увид над спроведените мерки на ниво на следење на микро, на најниско.

Но сепак, повторувам, тешко ќе наидат на било какво учество од граѓанско општество, од граѓаните сами, бидејќи тие не можат и во време и во формата што е дадена суштински да се зафатат со истата. Практиките од другите земји јас најдов само неколку како што е Турција, како што е Естонија и Словенија, покажува дека посебно ваков вид на информација се споделува во кратка сублимирана форма, извршното резиме ако сакате, со целните групи, со засегнати страни со цел тие да можат сеопфатно и целосно да се вклучат, додека нормално подетална информација која што ние ја имаме, значи формата која што ја имаме денеска, треба да бидат надополнување на истата. Затоа на средбата која што ја спомнав и која што се одржа минатиот петок меѓудругото претставници на граѓанското општество изразија подготвеност и интерес за учество во работењето и активностите на Советот. Како претставник на ГПМ во наредниот период за потребите на секоја од седниците ќе организирам посебни средби за засегнати и заинтересирани организации со цел нашиот придонес за работата на Советот и процесот на евроинтеграција на Република Македонија да биде суштински содржен.

Но да заврашам и тука сакам не само да се обратам до госпоѓа вицепремиерката  односно до Владата и до Собранието, посебно на оваа средба каде што учествуваа не само граѓанска платформа туку и другите огранизации од рурални подрачја, од Скопје, од големите градови, имаме претставници од  синдикати, навистина од  поширокото граѓанско општество, произлезе за мене како не како нивен претставник, не смо како претставник на ГПМ дека ние како граѓанско општество  сме спремни да бидеме сериозен партнер во процесот на европските интеграции, но ни треба и од другата страна партнерски однос од институциите кон нас. Благодарам.

**Хајрула Мисини**

Благодарам госпоѓо Адеми.

За збор следен е пратеникот Илија Димовски, повелете.

**Илија Димовски:**

Колега Мисини, почитувана потпретседател на Влада, почитувани претседавачи, почитувани колеги пратеници.

Одговорност е да се биде член на Национален совет за евроинтеграции, уште поголема одговорност продуктивно да се обиде човек да придонесе кон неговата работа, затоа на почетокот би потсетил дека денешните точки се поврзани со Националната програма за усвојување на правото на Европска унија која што некогаш покрај амбицијата ние да се претставуваме како грамадни политичари и да зборуваме за грамадни теми, па дури да зборуваме за Пакистан, Индија и такви слични теми, некогаш подразбира и да дискутираме и дебатираме за основните потреби на граѓаните, усогласувањето на македонското законодавство со правото на Европска унија во повеќе сегменти. Јас со искреност сакам да пофалам габаритноста, големината, техничноста, податоците во извештајот од страна на Секторот за евроинтеграции и со жалење да искритикувам тоа што Националниот совет денеска не најде можност и големина да навлезе подлабоко во тие дебати.

Иако имаше обиди од страна на неколку колеги, пред се од страна на колегите од владеачкото мнозинство да дебатираме за конкретни работи внатре во овие материјали што ги добивме, во поглед пред се на реформите во сферата на јавната администрација и реформите во судството, сепак денешнава дискусија ќе мора да ја заклучиме и насочиме во една повеќе политичка отколку сериозна и практична дискусија. Никој воопшто не сака да го намали значењето на крупните теми, на суштинските теми за интеграциите на Европска унија, меѓутоа ние мораме да бидеме свесни, мораме објективно да пристапуваме кон работите.

Со искрено жалење би сакал да нотирам дека неколку колеги од опозицијата зборуваат за македонските евроинтеграции, а воопшто не ја спомнуваат Грција. Значи, ниту еднаш не ја спомнуваат Грција. Тоа е исто како да зборувате за Париз, а да не ја спомнете Ајфеловата кула. Или да зборувате за Берлин, а да не спомнувате за Бундестаг. Значи тоа е исто, тоа е слепило

кое е настанато, повеќе би се надевал и би посакувал од внатрешно политички причини, отколку од некои поголеми причини кој што, еве во овој момент би си ги задржал за себе како позиција. Меѓутоа, да не се спомене грчката улога во контекст на македонските евроатлански интеграции е неприфатливо целосно.

Втора работа, да се негира меѓународното право е исто така неприфатливо. Посебно, од страна на пратеници на Македонија која што е и мала држава. Знаете има една меѓународна изрека, која вика големите држави се повикуваат на сила, а малите држави се повикуваат на право. Тоа е единствениот инструмент кој што може да не држи во една кондиција и се надеваме да ги исполни нашите национални и државни интереси. Меѓутоа од устата на македонски пратеник, во македонското Собрание, да се негира меѓународното право во контекст на пресудата на меѓународниот суд на правдата од Хаг, тоа е недозволиво, неприфатливо, на ниво на скандал. Таква теза да беше кажана од Министерството за надворешни работи на Грција ќе беше скандал. А не во македонското Собрание од пратеник, македонски пратеник. Грчкото МНР не се осуди во овие месец дена да го негира меѓународното право, да го негира меѓународниот суд на правдата, да ја негира одлуката, тие го ставаа во свој контекст, да, релативизираа, даваа иницијативи, па се повлекуваа, кажуваа дека не се заинтересирани, па после тоа сфаќаа каква грешка прават, па кажуваат дека се заинтересирани да продолжат разговорите со Македонија, меѓутоа во ниту еден момент не се осудија да го негираат меѓународното право.

Јас повторно ќе кажам, се надевам дека е тоа само поради внатреполитички причини, би сакал да верувам во тоа, не би сакал поинаку да размислувам, би сакал да верувам дека нервозата од 5, 6 години отседнување во опозиција, неисполнувањето на понекогаш и амбиции, понекогаш комбинација со потребата и притисокот на сопственото членство да се испорача било каков резултат, создаваат таков притисок. Меѓутоа, нашата одговорност е тој притисок и таа нервоза што ја имаме додека седиме во клупите и додека размислуваме тесно партиски или тесно политички, кога ќе излеземе на говорница да не ја проектираме, да не ја покажуваме и да работиме согласно со националните и државни интереси на Република Македонија. А не амбицијата за да настапиме политички во внатреполитичката битка да ги нарушува позициите на Република Македонија.

На крај на краиштата, пресудата на меѓународниот суд на правдата од Хаг е меѓународна потврда за исправноста на надворешната политика на Република Македонија во последните неколку години. Извинете, тоа е потврда и пред оние кои што однадвор ја негираа, извинете што ќе кажам, но и потврда за оние што одвнатре ја негираа во многу сегменти. Меѓутоа, да повторам, да зборуваме за македонските евроинтеграции, а да не ја спомeнеме Грција е како да зборуваме за Париз, а да не ја спомeнеме Ајфеловата кула.

Република Македонија три години по ред добива позитивен извештај, три години по ред имаме препорака за започнување на преговорите за полноправно членство во Европска унија. Република Македонија во одредени сегменти во своите општествени политички, институционални стандарди е и подобра од одреден број на држави членки во Европска унија. Република Македонија и понатаму има уште многу што треба да направи и понатаму има што многу повеќе да промени, да подобри итн. Меѓутоа, да се негира целата реалност, да се негира ставот на Република Македонија дека ги исполнува реформите,  да се негира ставот на Европската комисија дека ги исполнува реформите, само за да се добијат ситни политички поени, внатре во Република Македонија не е прифатливо. Сега имате ваква ситуација, Владата на Република Македонија и Европската комисија велат дека Република Македонија ги исполнува реформите, дека има одредено задоцнување, тоа и претставници на власта го кажуваат, во разлчни контексти, меѓутоа ги исполнува реформите и е комплетно спремна. Од друга страна имате опозицијата која вели не нема никакви реформи. Има уназадување. Тоа го вика само уште еден субјект на меѓународната сцена, никој друг, и тоа е неодговорно, и така не се гради национална стратегија, и така не се гради национален консензус. Не можете да зборувате 15 минути како све што  е направено не чини, како сите што работат се неспособни освен лицемерно да ја фалите потпретседателката на Владата за да направите внатрешен конфликт каде што не постои и на крај да кажете не треба да се обвинуваме дека сме неспособни. А 15 минути го правите тоа, тоа е неодговорен пристап. Тоа не доликува на луѓе кои што треба да водат национална и државна политика. Тоа не е одговорот.

Би сакал да се осврнам на неколку работи. Околу слободата на медиумите и околу целата таа дискусија. Тоа е на некој начин поврзано со

активносите што јас ги имам најчесто, контактите, соработката, релациите, размената на информации, би сакал да кажам дека Република Македонија дојде до еден контекст да разговараме на оваа тема пред се иницирано од неколку причини. Прво генералната тенденција во состојбата со слободата на медиумите не само во балканскиот регион туку секаде во Европа од страна на Европската комисија и од страна на сите релевантни субјекти во оваа сфера ја оценат како уназадувачка, тоа е една генерална тенденција која што сите ја кажуваат.

Втора работа, Македонија дојде да разговара за овој контекст благодарение на една даночна постапка која што си ја поведе државата и стечајна постапка спрема субјекти кои што должеле 30 милиони евра од кои 20 милиони евра спрема приватни субјекти. Еве државата да не си ги барала даноците, да сме донеле закон 10 милиони евра да ги простиме. Меѓутоа, како овие 20 милиони евра кои што се должат на фирми, на поединци, итн. Во целиот контекст, ние дојдовме во ситуација да разговараме за слобода на медиуми. Во ред, ќе разговараме за слобода на медиуми, што треба да направи Република Македонија, да направиме список со потреби, барања на новинарите, да разговараме за социјалните права на новинарите, да разговараме за работничките права на новинарите, да разговараме за декриминализација на клевета, да Владата на Република Македонија многу пати повтори дека е спремна да дискутира за тоа. И ние како парламентарно мнозинство кажавме дека сме спремни и разговараме токму на тие теми. Меѓутоа истрчување со предлози за да се ќари по некој поен од страна на поединци од опозиционите партии визави оваа тема ги руши разговорите помеѓу Владата и официјалните претставници на новинарите на Република Македонија. Се доведовме во ситуација официјалните здруженија на новинарите да се дистанцираат од предлогот за декриминализација на клеветата поднесена самоиницијативно од еден наш колега пратеник. И тоа е дотурање на масло онаму каде што не треба да има. Значи, наместо да се подржи процесот и да се дојде до финално решение со цел да се постигне решение, ние внесуваме сега дебата за да предизвикаме хаос и за да нема резултат. Тоа не е одговорен начин, не е работа која што е одговорна. Наместо тоа јас неколку пати на колегите посебно на помладите колеги од опозицијата кои што за жал после нивните дискусии ја напуштија седницата на

Националниот совет, сум ги замолил и сум упатил апел, својот ангажман и својата енергија да ја насочат и сум имал искрени разговори, да ја насочат кон лобирање кај европратеници кои што потекнуваат од нивните социјалистички или либерални движења.

Жално е и неприфатливо, сите тие крупни генерални политички движење во Европскиот Парламент и генерално во Брисел не се поделени вака како што сме ние поделени. И во однос на нивните лични одлуки зависат многу прашања, не само политичката и идеолошката туку и националната, државната од каде потекнуваат итн. Меѓутоа ние не можеме да се доведеме во ситуација кога многу голема дискрепанцата на европски пратеници, ако сакате конкретно кои што потекнуваат од Европската народна партија и овие другите кои што отворено, агресивно и жестоко ја бранат Република Македонија. Наместо да се трошиме во овие негативни дискусии, во кои што верувам дека и мојава дискусија е малку е дел, дајте луѓе да се ангажираме, да најдеме пријатели надвор од Македонија. Дајте Јелко Кацин ви е личен пријател на повеќе од вас. Јелко Кацин каде ќе стигне зборува против Република Македонија. Која е причината на Јелко Кацин да го прави тоа, а еден Бернс Поселт да на го прави тоа. Тој е Германец, овој е Словенец, овој треба да чувствува некоја поголема близина за чувствува спрема нас, поголема емоција да чувствува спрема нас. Дајте седнете го човекот објаснете му, дека во ред е што подржува внатрешни ситуации итн. Меѓутоа дај нека тргне, нека се растерети и тој, нека ни помага, нека не ни одмага. Дајте да се насочиме кон такви работи. Дајте посочете ми вие на кои европратеници кои потекнуваат од десната ориентација, ние да се насочиме, да лобираме, да притискаме. Тоа е начинот на кој што треба да соработуваме во Република Македонија, овде на Национален совет за евроинтерграции, во комисии, во Собрание ќе се искараме, партал ќе се направиме и во ред е тоа, не е страшно, не е чудно, не е ненормално. Меѓутоа кога ќе излеземе од Република Македонија треба да звучиме едногласно, треба да оставиме заедничка порака, без разлика на нашата политичка, етничка, религиозна припадност. Усогласувањето на политичките ставови се знае како оди. Во една демократија, во еден демократски систем се знае како се востпоставуваат тие стандарди и која е таа

државна и национална политика, не треба ние да измислуваме топла вода, треба да видиме како го прават сите други држави.

Исто така, би сакал да се осврнам на една критика која што помалку тивко поминува, а тоа е спроведувањето на вработувањето во администрација по К5 програмата и генерално може целиот сегмент со обврските со Охридскиот рамковен договор, мислам дека Владата на Република Македонија, Секторот за европска интрегација и Секторот за спроведување на Охридскиот рамковен договор треба сериозно во овој дел да се посветат во наредниот период да направат анализа на сите процеси кои што се случуваат, динимики, политики, спроведување, застапеност, итн. за да исто така во следната година се обидеме и оваа критика да на је добиеме повторно. Значи ние можеме да го прекутиваме тоа од било каква коректност меѓу нас, меѓутоа факт е дека меѓу првите три, четири позиции по кои што беа најдени забелешки беше и оваа смисла. Значи спроведувањето на К5 програмата не значи непочитување на стандарди и спроведувањето на К5 програмата треба да значи еднакво спроведување на таа програма и за најголемата, односно за втората по големина заедница, меѓутоа истото тоа треба да важи и за помалите етнички заедници, барем оние по кои го имаме по Уставот прецизно нотирани. Јас во благодарам и се извинувам што мојот говор и мојата дискусија стана праткично дел од целокупната атмосфера во Национален совет за евроинтерграции и се надевам дека следниот пат многу повеќе ќе го почитуваме материјалот, документите и работата која што е направена од страна на Секторот за европски интеграции, ќе дискутираме и многу поконкретно за работи кои што имаат секојдневен индиректен интерес за граѓаните на Република Македонија. Благодарам.

**Хајрула Мисини:**

Благодарам.

Сега збор има Изет Зеќири, повелете.

**Изет Зеќири**:

Почитуван претседателе, почитувана вице премиерка,

Интересна е оваа точка на дневниот ред, информација за реализираните активности за реализираната програма за усвојување на правото на Европска унија. Ќе се обидам накратко имајќи во предвид и уморот ќе се фокусирам за точките за кои што ценам дека се во интерес на јавноста и Владата.

Првата точка, слобода на изразувањето и слобода на медиумите и мерките кои што се преземаат во врска со Законот за радиодифузија, со жалост констатирам дека мерките што се преземени во оваа област се во спротивност со процесите во Европска унија заради тоа што измените на овој Закон за радиодифузна дејност во кој што се создава доминатна позиција на Македонска радио телевизија тоа е во спротивност со европската пракса за заштита на конкуренцијата член 81 од Спогодбата на Европска унија каде што вели: забрана на доминатна позиција на некоја организација. Ние со овој Предлог закон ние дејствуваме спротивно од овој член на Европската спогодба. Исто така овој Закон е во спротивност со Уставот на Република Македонија каде што економскиот дел го санкционира привилегираноста за одредени организации во Република Македонија. Овој закон е во спротивност со Законот за заштита од конкуренција член 2, член 7 точка 4, членот 13, членот 14 итн. До колку се анализираат преземените мерки од страна на Владата во врска со слободата на медиумите ќе забележиме дека сите предлози на овој закон се и во спротивност на европската пракса и со Уставот на Република Македонија и со Законот за заштита на конкуренцијата. Мислам дека ќе имаме критики за оваа работа.

Друго прашање е, мислам дека сите овие прашања ги решаваме без стратегија за решавање за проблемите со медиумите како што е Македонската радио телевизија, почнувајќи од фактот наместо Владата да предложи програма за санирање на 930 милиони денари долг, а има ненаплетени барања. Значи долгот е 4 пати поголем од барањата. И се обидувате вие како Влада со вбризгување, давајќи по 300, 400, 500 милиони денари од буџетот да ја одржиме оваа институција.

Другото прашање за кое што сакам да говорам тоа се реформите во јавната администрација. Ценам дека продолжува партизирањето на јавната администрација, злоупотребата на Охридскиот рамковен договор вработувајќи партиски војници во јавната администрација и оваа администрација нити

малку не е ориентирана за услуга на граѓаните, како што се забелешките во Извештајот на Европската комисија.

Другото прашање е владеењето на правото, не е прифатливо сите овие програми да се забележи дали се рефлектираат врз буџетот на Република Македонија. Значи во 2012 година Владата за зајакнување на правната држава за борба против корупција, од вкупниот буџет определува финансиски средства 0,09%, значи 2,15 милиони евра се распределуваат средства за зајакнување на правната државата, каде што во 2008 година Владата има распределено околу 5 милиони евра. Што се случува сега? Ние имаме Извештајот од Европската комисија дека имаме подобрување во зајакнувањето на правната држава или негативни забелешки. Како што се распределува буџетот, така се намалуваат средствата што се определуваат за зајакнување на владеењето на правото во земјата. Тоа не е прифатливо и тоа не е забелешка што укажува на тоа дека од една страна имаме акционен план, истите не се подржуваат со финансиски средства.

Во областа на децентрализацијата, сеуште сме многу далеку. Сеуште не сме постигнале ништо и дојдени сме во ситуација каде што ќе продолжиме и понатаму да имаме забелешки од Европската комисија бидејќи само 8,79% се определуваат средства за децентрализација. Во 2011 година вкупно во оваа област се опфатени 249 милиони, што значи од вкупниот буџет се опфатени 8,79%. Вие сите знаете како стојат работите во државите на Европска унија.

Да не говорам и за другите области како што се животна средина каде што имаме 0,07% инвестирање, во образованието 0,35% за реформите во образованието. Акциониот план, балансот што е определен од Владата треба да се проследи и да се рефлектира и врз буџетот. Инаку сите тие мерки што ние ги предвидуваме ниту малку нема да бидат остварени во иднината. Благодарам за разбирањето.

**Радмила Шекеринска**:

Благодарам во име на претседателот на Комисијата, само се договоривме пред да земе завршен збор госпоѓата Теута Арифи, јас би сакала само две работи да кажам.

Најпрвин би сакала и како претседател на Национален совет за евроинтерграции да се оградам од некои дискусии, затоа што тие се вистинскиот начин како Македонија не да создава пријатели, туку да создава непријатели. Ќе ви го кажам моето лични искуство. Госпоѓата Дорис Пак со години пратеник во Европскиот Парламент која никогаш не се срамела да каже дека е десничар бидејќи нема потреба да се срами од тоа и бидејќи на тоа сите им е јасно. И често ја критикувала политички тогаш левичарската Влада во Македонија, меѓутоа во ниту еден момент, ниту еден човек од таа Влада или тој Парламент не се осуди да ја покажува со прст и да ја претвори во госпоѓата Дорис Пак во непријател. Ќе ја издржевме критиката ако имавме аргументи. Дававме аргументи, меѓутоа сметавме и го користевме нејзиното пријателство кон Македонија. Пледоајето претходно беше вистински начин како и од оние малку пријатели што ги имаме да создаваме непријатели. Јас ве уверувам дека господинот Јелко Кацин има кажано многу критички зборови за оваа Влада, кој критички тонови не ги земаше предвид тогаш кога требаше, а беа добронамерно кажани и потоа ги прочитавме во Извештајот на Европската комисија. Меѓутоа господинот Јелко Кацин никогаш не кажал лоша работа за Македонија и мислам дека се трудиме да правиме разлика меѓу Владата на Македонија и Македонија. Господинот Јелко Кацин за разлика од Европската народна партија каде што ВМРО ДПМНЕ е примен под ФИРОМ никогаш не го користи ФИРОМ. Секогаш зборувал за Македонија, секогаш зборувал за македонски народ, за македонски јазик. Ако тоа сметаме дека се наши непријатели, тогаш не знам кои ни се пријателите. Госпоѓата Моника Маковеј за работеше за пари за оваа Влада. Меѓутоа јас навистина ја ценам како пратеник кој често пати знае позитивно да се изрази за нашата држава и да ги брани нашите интереси. Ни на крај памет не треба да ни падне на никој од нас да бараме Европскиот парламент да се построи според нашите политички желби. Јас можам да не се согласам со најзиниот став кој беше цитиран дека...

**Илија Димовски**:

Процедурално...

**Радмила Шекеринска**:

Дека,видете власта си ја зема власта во свои во свои раце.Госпоѓата Маковеј може да каже дека работите во судството се одлични во Македонија и господинот Милошоски да се согласи си неа. Меѓутоа по втор пат го молам да ми каже кој е рецептот да се биде успешен и задоволен со судството. Тој за 6 месеци да добие пресуда од 15 илјади евра за клевета. Јас за 12 месеци сведоците не можат да дојдат, а да не зборувам за обвинетиот. Значи судството е такво во зависност изгледа од која страна и која партиска книшка ја имате. И јас сеуште мислам дека е тоа добро судство за Македонија. Меѓутоа нема да ја обвинам пратеничката во Европскиот парламент Моника Маковеј дека против Македонија, нема да ја обвинам, затоа што тоа е вистински начин Македонија да си го стега обрачот околу себе.

И вториот коментар што сакам да го кажам е поглед на реформската динамика затоа што мислам дека избегавме од една крупна тема која е наша задача да ја следиме. А тоа е дека динамиката на барем усвојување на законите согласно Националната програма, ние еден претставник од парламентарно мнозинство кажа задоволително 2. Ако гледаме дека половина од законите не можеме да ги усвоиме во текот на годината, најлесно е да ги обвиниме изборите. Ајде да тргнеме и да кажеме, да заради изборите пола закони не стигнавме да ги донесеме. А што случува со подзаконските акти. Зошто подзаконските акти ни пола не сме ги донеле. Знаете, може да се два одговора. Прво реформската динамика е ужасно забавена, и вториот одговор дека администрацијата која што е професионална или би требало да биде не се занимавала со својата професионална задача, туку се занимавала, прво со шепкање а второ со работење во партиски кампањи. Тоа може да биде образложението, јас не го прифаќам дека тоа е добро. И затоа мислев дека една од пораките за која ќе постигневме партиски консензус е дека оние институции кои што се задолжени сами си ја презеле обврската, Владата ги задолжила, ние сме го задолжиле, да почнат да работат според тепмото кое самите со го одредиле. И жалам што дури и за тоа не успеваме да постигнеме консензус. И покрај сите дискусии да бидеме конкретни и да бидеме практични, се зборуваше за крупните теми и тоа баш од власта, а не се зборуваше за еуроимаж, не се зборуваше дека македонските млади не можат

да ги искористат парите да студираат во странство заради наш јавашлук и заради наша неорганизација. Ако нема консензус дека овие работи треба да се поправат, навистина мислам дека попусто ќе ја мачиме администрацијата да изготвува извештаи, а резултатот ќе биде поразителен. Благодарам.

**Хајрула Мисини:**

Благодарам. За процедурално, повелете.

**Илија Димовски**:

Претседателе, јас од Национален совет за евроинтерграции и од позиција на заменик член на Комисија за европски прашања, би сакал прво не ми е јасно дали претходната дискусија на колешката Шекеринска дали беше процедурална забелешка, дали беше претседавање со Советот денеска или беше реплика. И тоа еклататна реплика на две дискусии мојата и на господинот Милошоски кој што во меѓувреме не е присутен овде. Тоа е првата дилема која што ја имам и која што треба сериозно да ја разговарате меѓу вас кога правите заеднички состаноци да се знае редот. Не може да се злоупотребува работната претстедавачка маса за да се повторуваат тезите кои што еднаш не ви поминале.

И втора работа кога велиме дајте во исто време зборувајте со Јелко Кацин да почне човеков барем два збора добри за Македонија да каже, вие лицемерно да си подигрувате со Маковеј и така како случајно да спомнете дека госпоѓата Маковеј добивала пари од Република Македонија. И со таа прикаска вие да градите. Како да ви кажам со тоа се претерува, многу едноставно, се претерува да ја злоупотребувате претставачката маса на ваков начин се претерува. Ова не личи на коректна поставена работа во која што за сите правата треба да бидат еднакви. Ако јас немам право на реплика и друг нема право на реплика и тоа треба да важи за сите.

**Хајрула Мисини:**

Благодарам.

Процедурално Бонева, повелете.

**Силвана Бонева**:

Благодарам претседателе.

Веќе дел од тоа што сакав да го кажам го кажа господинот Димовски, меѓутоа сметам дека треба да го зачуваме достоинството на работа на Национален совет за евроинтергрaции и на Комисијата за европски прашања, да го почитуваме востановениот ред, да не го злоупотребуваме нашето право со претседавање за да реплицираме на колегите. На тој начин им го одземаме правото на другите бидејќи не им даваме право на другите за реплика. Значи секој од нас има право на излагање, ќе се држиме на тој принцип. Мислам дека на тој начин најмалку ќе дадеме основ за лични конфронтации.

**Хајрула Мисини:**

Процедурално госпоѓата Шекеринска, повелете.

**Радмила Шекеринска**:

Личи како да е прва седница што ја имаме и на Национален совет за евроинтергрaции па и заедничка. Тогаш кога сме се договориле да нема реплика, се договоривме дека не е во ред кој што чека саат и или два да дојде на ред, некој да му го земе предимството со реплика и комплетно да го промени начинот на дискусија. И секогаш секој има право на крајот на дискусијата повторно да се јави за збор. Како што, погледнете си ги стенограмите ќе видите дека секој од вас. Оваа навика на власта секој пат кога нешто не и е по ќеиф да се обиде да дофрли покажува како ни е процедурата драга само кога сакаме ние да ја користиме. Јас се јавив за збор кај претседателот на Комисијата кој во моментот не беше тука и затоа што се пријавив за збор си дадов себеси збор. И вие имате право исто така да се пријавите бидејќи сите пријавени за збор до сега поминаа. Вашите цинични насмевки и дофрлања покажуваат само колку аргументите кои мислите дека ги кажувате и самите во нив не верувате. Приказната со Јелко Кацин е многу стара и таа почна одамна кога премиерот прв во историјата на ова држава се одлучи на миг да плука и навредува друг пратеник кој за разлика од многу пратеници на Европската народна партија секогаш бил чесен и бранител на

Македонија. Не користеше ФИРОМ како што вие прифативте да бидете членка во ЕПП. Не користеше ФИРОМ, не зборуваше јазикот кој се говори во државата, зборуваше македонски јазик, и вие вака му враќате со тоа што го ставате на столбот на срамот. Затоа Македонија денеска е доведена во ситуација малкумина за неа да се залагаат. Еден по еден ги елиминирате и никој друг не може тоа да го надомести. Затоа што дури и ретките позитивни за нас одлучија да молчат. Ова е онолку процедурално колку што беше вашето. Се согласувам ако го чуваме достоинството на оваа седница, тогаш требаше да реагираме претходно кога колега наш пратеник го обвини неколкумина пратеници од опозицијата дека се предавници. Само не го кажавте комесарот Филе кој исто така кажа дека во Македонија има назадување за реформите. Него овој пат го поштедивте. Е ако го браниме достоинството дајте од почетокот да ги браниме. Сите бевме прилично во рамките на договореното и дозволеното се до крајот. Е па не е во ред и не можам да се согласувам на седница на која што повеќемина учествуваме да воведуваме црни и бели европски пратеници, а утре да бараме да гласаат да добар извештај за Македонија. заради Македонија тоа не смеете да ги правите и јас сакам да го кажам моето несогласување со ваквиот начин на дополнителни поделби не во македонскиот туку во Европскиот Парламент. Благодарам.

**Хајрула Мисини:**

Благодарам.

Мислам дека е ќе биде побитно сега да ја слушнеме госпоѓата Теута Арифи, во однос на дилемите и вознемиреностите што се искажаа тука. Во однос на информацијата, јас навистина оваа соработка на Комисијата и Советот да продолжи на овој начин и вакви ситни работи да не излезат пречка, да биде толку голема пречка да не можеме да соработуваме.

Збор има госпоѓата Теута Арифи, повелете.

**Теута Арифи**:

Само на кратко на крајот.

Најпрво сакам да кажам дека тенденцијата со доаѓањето со извештаите тука во Собранието не било ниту прикривање, ниту затскривање зад обемноста на материјалите каде што меѓу другото беше кажано затоа што најпрво јас мислам дека сум докажала тоа дека никогаш не бегам од собраниските дебати без разлика колку проблемиките можат да бидат сензитивни, тешки, не секогаш пријатни. Ценам дека овај пат на сите им е јасно дека тука сум за да разговарам за извештаите кои ние ги продуцираме квартално и кои се обемни имајќи го предвид фактот дека се работи и за делот АКИ-то, за делот каде што е одговорна фактички за Секретаријатот за европски прашања, туку и целата Влада во целина која известува и што апсолутно добиваме широки извештаи и што ние го организиравме колку што можевме за да се направи една добра и една квалитетна дебата. Би ценела секако многу до колку имаме елементи за таква дебата, дебата повеќе да се одвива за срцето за тоа што го сочинува внатре, без разлика колку може да биде подолго. Но тоа може секако да се рационализира до колку така малку се фрли едно око. А додека за прашања кои што се од политички, стратешки интерес нема проблем, секогаш сме дебатирале и секогаш ќе останеме да дебатираме. имајќи го предвид и овој факт и овој извештај е извештај за сработеното, за целата измината 2011 година и тоа што стои тука е тоа што ние сме го сработиле. Дали понекогаш е кажано дека е одржана само седница. Па тоа е така затоа што очигледно за една година е одржана само една седница да кажеме. И тоа е една реалност што треба да ја промениме со тоа што јануари ќе ја дисктираме националната стратегија со тоа што мислам дека можеме да го додадеме акцискиот дел за да идната година не само да имаме подобар прогрес извештај на Европската Унија за нас, туку и самите за себе да напишеме секако подобри извештаи. До колку вие како две собраниски тела, едното не е само собраниско туку е многу пошироко, цените дека можеби не треба толку детално информирање, секако дека ние тоа можеме да го адаптираме или да направиме отприлика да ги најде вашите критериуми, ако можам така да се изразам. Мислам дека во рамките на дискусијата ние ги опфатиме тие теми кои се чувствителни теми, кои се битни од аспектот на реформите и тоа најпрво е делот во рамките на судството, што јас мислам дека е многу битно да се продолжи со тој процес, да се реализираат и барањата кои се поставени од страна на Европска унија. Но сосема се согласувам со пратеникот Изет Зеќири кој во рамките на неговата

анализа за буџетско покривање на реформите апсолутно мислам дека би му дала право, затоа што и меѓу другото и барање на Европска унија е повеќе буџетска ориентација во рамките на реформите во делот на зајакнување на капацитетите на обвинителството што мислам дека ние би требало да се ангажираме сериозно да одговориме на ова прашање.

Меѓу другото во рамките на реформите во јавната администрација, прашањето на градење на една квалитетна отворена и независна администрација мислам дека треба да биде една заедничка конструктивна ориентација на сите нас како политички чинители на целата наша јавност. И сметам  дека тука асполутно е потребен ангажман како што ви го подвлекла моментот на пратеникот Димовски каде што зборува за К5 Програмата. Значи во однос на К5 програмата има два момента што од страна на Европска унија ни се укажува. Едниот момент е вклучувањето и на помалите етнички заедници,освен албанската заедница во рамките на оваа програма и вториот момент покривањето со обуки на целата администрација, но исто така на овој дел што мислам дека треба да ги професионализира повеќе чинителите или тие што веќе влегуваат во рамките на јавната администрација.

Би сакала во однос на дијалогот со медиумите, можеби не го споделуваат сите мојот ентузијазам. Можеби имајќи го  предвид фактот кога на некои работи станувате и субјективен. Но имајќи го предвид фактот дека еден процес кој е добар и здрав и кој има меѓународна подршка, па и добро намери во однос на одвивањето, мислам дека заслужува подршка имајќи предвид фактот дека сме отвориле теми кои се чувствителни и на крајот на краиштата секако дека состојбата нема да ја смениме со еден процес  кој започнал пред неколку месеци порано, но мислам дека можеме да создадеме добра атмосфера по однос на повеќе  доверба меѓу политиката и медиумите затоа што ценам дека моментот на слободата на изразувањето очигледно е една битна ориентација која ние сите натаму треба да ја следиме.

Би сакала исто така да ги поздравам активностите во рамките на невладиниот сектор,  во  однос не следењето на материјалите кои се даваат од наша страна  и секако ние разгледуваме повеќе опции да бидеме што поотворени кон граѓанскиот сектор за да  имаме еден битен партнер во процесот  што е битен за сите, а тоа се евроатланските интеграции.

Би сакал на крајот за завршам со тоа дека во јануари секако дека ќе имаме и очекувам дека ќе имаме уште една дебата за акциите и за ориентацијата понатаму и меѓу другото неколку граѓани ме прашаа во врска со кризата на Европската унија, распаѓањето или нераспаѓањето и што бараме ние во нешто што се распаѓа. Јас мислам  дека одговорот што сметаме дека стои кај сите нас е фактот дека сите ние многу добро знаеме дека  Европската унија нема да се распадне. Сите ние многу добро знаеме дека е Европска унија има свои кризи во моментот како што ги имала порано, но не е во опасност. А зошто не е? Затоа што е дојдена и формирана како резултат на тешка политичка одлука на нациите од Европската унија после Втората светска војна, да го носат своите тешки политички одлуки  и заедно да чекорат напред. И многу логично  што една таква Европа бара од нас да ги носиме нашите мали, но тешки политички одлуки до колку навистина сакаме да се движиме  кон тој пат и во име на тоа јас мислам дека ние треба да бидеме спремни за тие одлуки и да бидеме спремни да одговориме и на тоа што помалку се зборувало или многу малку за нас во декември да одговориме со удвоени активности и удвоени реформи во земјата. Јас мислам  дека тоа е најдобриот одговор што ние можеме да им го дадеме на нашите меѓународни партнери за да тие имаат причини зошто да застанат со нас, зад нас во  овие процеси кои никогаш не биле лесни, ниту во  иднина  ќе бидат лесни. Ви благодарам.

**Хајрула Мисини:**

И ние ви благодариме госпоѓа Теута.

Бидејќи се исцрпи листата на пријавени за збор, констатирам дека дневниот ред се исцрпи. Ја затварам Седмата седница на Комисијата за европски прашања и Петата седница на Национален совет за евроинтерграции. Јас ви благодарам за учеството.

Седницата заврши во 12.50.